Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-199/1
07 03 2022 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВОД ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

**(01.03.2021 - 28.02.2022 ГОДИНА)**

## ВОВЕД

Извештајот ги опфаќа активностите на Правниот факултет „Јустинијан Први" остварени во периодот од март 2021 година, кога стапи на функција новиот Деканат во состав: проф. д-р Сашо Георгиевски, како декан и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Бобан Мисоски и проф. д-р Биљана Петревска, како продекани и беше комплетирана Деканатската управа по изборот на новите раководители на институтите на Факултетот, до 28.02.2021 година.

Во овој период, факултетските активности беа, главно, насочени кон остварување на следните основни задачи, и тоа: **а)** одржување на финансиска стабилност на Факултетот, со остварена редовност во плаќањата на факултетските обврски, како и создавање на услови за одржување на таквата стабилност во наредните години, кога би можело да настапи намалување на сопствените приходи (во услови на природно зголемени расходи) заради намалениот број на претходно запишани студенти; **б)** донесување на нова Одлука за утврдување на плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, усогласена со Колективниот договор за високо образование и наука; **в)** унапредување на режимот на студирање преку донесување на нови Правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје; **г)** овозможување на натамошно редовно одвивање на наставата (и испитите) во услови на тековната пандемија со вирусот CoVid-19 и натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања; **д)** одбележување на 70-годишнината од основањето на Правниот факултет; **ѓ)** организирање на научни конференции и други научни собири и настани од меѓународен и домашен карактер, подржување на проектната активност на Факултетот, мобилноста на студентите и наставниот кадар остварување на други форми на меѓународна соработка; **е)** заокружување на претходно започнатите работи и натамошно надградување на факултетската инфраструктура.

Состојбата околу финансиите на Факултетот во извештајниот период беше стабилна, со целосно запазена редовност во плаќањето на факултетските обврски кон вработените и надвор од Факултетот. Тоа се должеше, главно, на поголемиот обем на пренесени сопствени средства од 2020 во 2021 година во однос на претходно планираните средства, позитивното движење на сопствените приходи и значителното намалување на расходите во однос на претходната година. Најмногу, благодарејќи на зголемениот упис на студенти на вториот циклус на студии, сопствените приходи во тековната 2021 година беа зголемени за 5,85%, а, факултетските расходи на сметката 788 - намалени за 9,89%. Оваа состојба, меѓу другото, овозможи планско пренесување на поголемо салдо од 2021 во 2022 година, со цел да се амортизира ризикот од евентуално финансиско дестабилизирање во периодот од 2022-2023 година предизвикано од евентуалниот недостиг на сопствени приходи за покривање на објективно растечките расходи во наредниот двегодишен период. За стабилната финансиска кондиција во 2021 година придонесе внимателното располагање со средствата во текот на годината преку системот на редовно следење на финансиските движења и интерното планирање на располагањето со средствата од страна на факултетските тела и Наставно-научниот совет (ННС).

Паралелно со тоа, од Наставно-научниот совет беше донесена новата Одлука за утврдување на плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, со што конечно се заокружи повеќегодишната работа врз дефинирање на новиот режим на распределба на сопствените приходи на Факултетот. Новата Одлука за плати, меѓу другото, режимот на распределба го усогласи со Колективниот договор за високо образование и наука, со што се овозможија исплатите на зголемената плата (во буџетскиот дел) и другите исплати по различни основи, предвидени со Колективниот договор.

Во однос на режимот на студирање, во извештајниот период се доврши двегодишниот процес на усогласување на постојниот режим со оној утврден во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ, како и негово унапредување, преку усвојување на новите Правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје од страна на ННС, на 7.5.2021 година. Со новите Правила за студирање, донесени во постојана консултација со студентите преку Факултетското студентско собрание, меѓу

другото, системски беа решени некои хронични прашања поврзани со ткн. дополнителни сесии, кои, во минатото, беа *ad hoc* решавани од страна на ННС.

Во периодот од март 2021 до март 2022 година, заради сеуште присутната пандемија со вирусот CoVid-19, наставата и испитите продолжија да се спроведуваат online преку видео-конференциски платформи. Истовремено, во зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година, кај помалите групи на студенти беше отворена можноста за хибридно изведување на часовите (т.е. со физичко присуство и online пренос), по наоѓање на предметните наставници. Како и претходно, дел од испитите и јавните одбрани на магистерските и докторските трудови беа спроведувани со физичко присуство (по избор на наставниците). Со оглед на сеуште присутната пандемија, таквиот модел на спроведување на наставата (и на испитите и јавните одбрани) ќе продолжи и во летниот семестар од учебната 2021/2022 година. Делот од наставата (испитите, јавните одбрани) изведувани со физичко присуство се одвиваа во услови на целосно почитување на правилата и протоколите утврдени од државните здравствени власти.

Во извештајниот период, меѓу другото, продолжена беше работата врз унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот. Во тие рамки, меѓу другото, преземени беа мерки за поажурно водење на студентските досиеја и за поефикасно и континуирано издавање на дипломите, уверенијата и другите документи на студентите.

Во овој период на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се акредитираа и три студиски програми од вториот циклус на студии и шеснаесет студиски програми од третиот циклус на студии, од кои за една студиска програма постапката е во тек за добивање на решение за почеток со работа.

2021 година беше година во која Правниот факултет славеше 70 години од своето основање. Таквиот 70-годишен јубилеј беше одбележан со низа настани во текот на годината, вклучително и преку одржување на свечената академија (на хибриден начин, заради тековната пандемија) во просториите на Факултетот, на 5-ти ноември 2021 година, проследена со online Меѓународна годишна конференција посветена на „Правото, социо-економијата и политиките во нарушени времиња“ (Law, Socio-Economics and Politics in Troubled Times), одржана истиот ден. Прославата се одржа под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија, г-динот Стево Пендаровски, кој по тој повод организираше и свечен прием за претставници на Факултетот (членовите на Деканатската управа). Во чест на 70-годишниот јубилеј, Македонската радио-телевизија сними документарен филм посветен на Правниот факултет со наслов Правен факултет – 70 години, традиција, извонредност, што беше логистички поткрепено од Факултетот.

Истовремено, продолжи меѓународната конференциска активност на Факултетот, преку организирање на спомениатата Меѓународната годишна конференција околу „Правото, социо-економијата и политиките во нарушени времиња“ (Law, Socio-Economics and Politics in Troubled Times), Меѓународната конференција на тема „30 години од усвојување на Уставот на Република Македонија“ (30 Years Since the Adoption of the Republic of Macedonia’s Constitution), одржана на 10.12.2021 (во организација на Катедрата по уставно право и политички систем на Факултетот), како и Регионалната конференција – „Правниот статус и заштитата на меѓународно раселените лица, бегалците, барателите на азил и ’невидливите лица’ без идентификациски документи“ (Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and ’Invisible Persons’ without ID), во рамките на истоимениот проект реализиран преку мрежата SEELS. Организирани беа и други меѓународни и домашни настани како на пример летни школи, странски предавања, обуки и семинари. Заради пандемијата, најголемиот дел од овие настани беа организирани online преку видео-конференциска платформа.

Во однос на мобилноста на студентите и наставниот кадар, објавен беше повик за мобилност на студенти во рамките на програмата ERASMUS+ на кој беа номинирани и прифатени четири студентски апликации од УКИМ, како и повик за мобилност на академски кадар на кој прифатена беше номинацијата на еден наставник (доц. д-р Денис Прешова) кој ќе оствари академска мобилност на Universidade Nova de Lisboa, Португалија. Склучен е нов ERASMUS+ договор со Правниот факултет при Универзитетот во Минстер, Германија и започната е постапка за продолжување на постојните ERASMUS+ договори.

Во текот на извештајниот период беа спроведени и тековни активности од страна на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет, така што од страна на Комисијата за избори основана од деканот, во текот на месец декември, 2021 година, се спроведоа (online поради тековните состојби со CoVid-19 пандемијата) и редовни избори за Претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ со мандатен период од една година.

Во извештајниот период, продолжија или отпочнаа со работа повеќе проекти во кој учествува Правниот факултет, вклучувајќи четири меѓународни проекти и три проекти во рамките на мрежата SEELS. Подготвени беа и две нови апликации за меѓународни повици за проекти.

Продолжија и учествата на студентските тимови од Правниот факултет на меѓународните moot-court натпревари, со извонреден успех (второ место во категоријата најдобар меморандум/наградата Hardy C. Dillard на натпреварот Moot Court Competition Phillipe Jessup; осумнаесетто место на Frankfurt Investment Arbitration Moot). Од друга страна, по едногодишен прекин, повторно беше одржана Ораторската вечер „Иво Пухан" (24-та по ред), во хибриден формат.

Во рамките на издавачката дејност, издадени беа три учебници, три монографии а, по повеќегодишен застој, се објави и еден Годишник на Правниот факултет (во чест на проф. д-р Гале Галев), додека уште еден (посветен на проф. д-р Димитар Бајалџиев) се наоѓа во финална фаза пред објавување. Се продолжи со издавањето на Електронското списание Iustinianus Primus Law Review преку три објавени броеви на списанието во текот на академската година 2020/2021.

Во текот на извештајниот период беше вработено едно лице во соработничко звање – асистент на научната област граѓанско материјално право, како и две лица во Стручната и административна служба на Факултетот.

Во периодот март 2021 до февруари 2022 година, беше спроведена обемна промотивна активност за студиските програми што се нудат за студирање на Факултетот пред средношколците, кои беа дел од воспоставената практика на Факултетот, но и УКИМ, Градот Скопје, како и на неколку НВО за промоција на високообразовните установи.

Во текот на извештајниот период се забележува зголемување на бројот на новозапишани студенти на прв циклус и втор циклус студии на Факултетот, во однос на претходната учебна година.

Во однос на факултетската инфраструктура, покрај активностите на тековно одржување на објектот, во извештајниот период беа извршени работи на довршување на претходно започнатите работи и на натамошно надградување на факултетската инфраструктура. Во таа смисла, довршени беа работите околу реновирањето на читалната (инсталирање на рампа за лицата со посебни потреби на скалилата пред читалната и расчистување и фарбање на просторот пред читалната), а, набавени беа и нови компјутери за потребите на читалната (два од нив добиени преку донација од АСТ! доо, – сопственик на базата на закони и други правни податоци - www.praksis.mk). Среден беше просторот пред студентските тоалети, обновен беше Амфитеатар 2 и беше освежен просторот кај Аулата и пред Факултетот. Во тек се подготовките околу започнување со реконструкција на дел од кровната покривка на Факултетот во текот на 2022 година, врз основа на проект изработен во 2021 година.

Погорните и други факултетски активности остварени во текот на извештајниот период се детално изложени во продолжение на Извештајот. Текстот на Извештајот е изготвен според воспоставената методологија и структура, што овозможува да се вршат соодветни споредувања со претходни извештајни периоди.

# ДЕЛ А. НАСТАВНО-НАУЧНИ АКТИВНОСТИ

## АКРЕДИТИРАНИ НОВИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Во извештајниот период на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје се акредитирани повеќе студиски програми од вториот (односно три), а особено од третиот циклус на студии (односно шеснаесет) и тоа:

ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

- ***Правни студии***
  - *Корпоративно право -* Решение за акредитација на студиската програма (едногодишни и двегодишни студии) бр. 1409-380/7 од 11.12.2020 година. Решение за почеток со работа од Агенција за квалитет во високото образование бр. 08-584/4 од 03.08.2021 година.
  - *Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ -* Решение за акредитација на студиската програма (двегодишни студии) бр. 08-53/7 од 14.12.2020 година. Решение за почеток со работа од Агенција за квалитет во високото образование бр. 08-585/4 од 03.08.2021 година.

ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

- ***Правни науки***
  - *Административно право* – Решение за акредитација бр. 08-62/4 од 25.08.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9879/1 од 21.09.2021 година.
  - *Граѓанско право* - Решение за акредитација бр. 08-61/6 од 29.06.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9930/1 од 21.09.2021 година.
  - *Деловно право* - Решение за акредитација бр. 08-60/6 од 29.06.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9927/1 од 21.09.2021 година.
  - *Историја на правото* - Решение за акредитација бр. 08-63/6 од 22.07.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9928/1 од 21.09.2021 година.

- *Казнено право* - Решение за акредитација бр. 08-59/6 од 22.07.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9869/1 од 21.09.2021 година.
- *Меѓународно јавно право и Меѓународно приватно право* - Решение за акредитација бр. 08-58/6 од 29.06.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9926/1 од 21.09.2021 година.
- *Право на интелектуална сопственост (авторско и пронајдувачко право)* - Решение за акредитација бр. 08-56/6 од 22.07.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9929/1 од 21.09.2021 година (Наш бр. 09-1053/6 од 29.09.2021 година).
- *Право на Европска Унија и европски интеграции* - Решение за акредитација бр. 08-65/6 од 22.07.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9909/1 од 21.09.2021 година.
- *Римско право* - Решение за акредитација бр. 08-53/6 од 22.07.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9934/1 од 21.09.2021 година.
- *Уставно право* – Решение за акредитација бр. 08-52/4 од 07.05.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9907/1 од 21.09.2021 година.
- *Финансово право* - Решение за акредитација бр. 08-51/7 од 25.08.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9870/1 од 21.09.2021 година.

**• *Политички науки***

- *Меѓународни односи* – Решение за акредитација бр. 08-57/6 од 12.08.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9915/1 од 21.09.2021 година.
- *Политички науки* – Решение за акредитација бр. 08-55/6 од 12.08.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9940/1 од 21.09.2021 година.
- *Политички системи* – Решение за акредитација бр. 08-54/4 од 07.05.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9874/1 од 21.09.2021 година.

**• *Јавна администрација***

- *Јавна администрација* – Решение за акредитација бр. 08-64/4 од 07.05.2021 година. Решение за почеток со работа бр. 40-9868/1 од 21.09.2021 година.

Во извештајниот период во тек е постапка за повторна акредитација на студиската програма на трет циклус студии – Правна реторика и аргументација. Донесено е Решение за акредитација бр. 08-611/6 од 14.12.2021 година и на 30.12.2021 година доставено е барање до Агенција за квалитет во високото образование за донесување Решение за почеток со работа.

## ТЕК НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Во учебната 2021/2022 година се организираше настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (четврта и петта година).

Во текот на минатата година Наставно научниот совет на Правниот факултет ја усвои Одлуката за Правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, со што се заокружи двегодишнот процес на усогласување на веќе претходниот режим за студирање со оној утврден во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на УКИМ. Преку усвојувањето на новите Правила за студирање, донесени на ННС на 7.5.2021 г., кои се применуваа од почетокот на новата учебна 2021/2022 година се воведе поголем ред и организација во однос на следењето на наставата на студентите, како и се унапреди процесот на преслушување на предметите на студентите, со што се воведе единствената можност за презапишување на заостанатите предмети само во соодветните семестри од повисоките години, пришто предност во запишувањето имаат постарите предмети. Преку оваа новина се отстранува практиката на запишување на т.н. „празни семестри“, а со тоа и неможноста на студентите да ги полагаат презапишаните испити во редовните сесии, со што и се намалува потребата од воведување на дополнителни ad hoc сесии во текот на наставата. Со новите Правила за студирање се подобрува режимот на студирање преку следењето на оптовареноста на студентите, односно се претпочита нивна рамномерна оптовареност низ семестрите, со што се очекува зголемување на нивната успешност (согласно Правилникот на УКИМ). Повеќегодишната негативна практика на дополнителни сесии е отстранета преку воведувањето на можноста за спроведување на дополнителна сесија во рамките на трите редовни сесии за полагање, со што на студентите кои штои не го положиле испитот во редовната сесија им се отвора можноста за повторно полагање на истиот испит но за релативно брзо време, со што на некој начин се воведува можноста од дополнително испрашување на студентот во моментот додека испитот се подготвува и полага, односно можноста за дополнително полагање на испитот со што на студентите им се дава дополнителен период за учење.

Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 74 наставници со полно работно време.

Наставата во академската 2021/2022 година (зимски и летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност во сите три години по една паралелка.

Наставата во четврта и петта година (втор циклус на студии) се спроведува според распоредот за предавања доставен од колегиумите на втор циклус на студии.

Успешно се спроведуваат колоквиумите по предметите опфатени со наставниот план на Правниот факултет (на предметните програми каде што предметниот наставник ги предвидел), како и завршните испити, за студентите кои студираат според ЕКТС.

Со оглед на новонастанатата состојба со коронавирусот CoVid-19, наставата во зимскиот семестар во учебната 2021/22 година со одлука на ННС се одвиваше со примена на видеоконференциската платформа Microsoft Teams. Исто така, беше дадена можност наставниците да одлучуваат за начинот на спроведување на колоквиумите и испитите, така што дел од наставниците, колоквиумите и испитите ги спроведуваа со физичко присуство, а поголемиот дел од наставниците ги спроведуваа колоквиумите и испитите со примена на видеоконференциската платформа Microsoft Teams.

Системот на закажување одбрани на магистерски трудови е централизиран. Дополнително, во службата за студентски прашања е воспоставен систем на контрола на исполнетост на условите за пријавување и одбрана на магистерски трудови. Беше дадена можност наставниците, односно менторите, а и кандидатите да одлучуваат за начинот на спроведување на јавните одбрани на магистерски трудови, така што дел од наставниците, јавните одбрани на магистерски трудови ги спроведуваа со физичко присуство, а поголемиот дел од наставниците ги спроведуваа јавните одбрани на магистерски трудови со примена на видеоконференциски платформи.

Во извештајниот период се продолжи со напорите за целосна интеграција на универзитетскиот електронски систем I-Know. Во универзитетскиот електронски систем I-Know се внесуваа податоци за сите студенти за кои се воделе електронски досиеја. Процесот е отежнат поради тоа што базите се изготвувани и форматирани различно, па потребни се интервенции за да се постигне целосна миграција.

Во извештајниот период се воспостави постојан систем за изработка на податоци за тековно издавање на дипломи за дипломирани и магистрирани студенти, а беа преземени и мерки за зголемување на ефикасноста во постапката за издавање уверенија на студентите и забрзување на процесот. Со оглед на тоа што е исклучен претходниот систем за електронска евиденција, а заради потребата за ажурирање и водење на студентските досиеја и изработката на уверенија за положени испити и уверенија за завршени студии, донесена е одлука дека истите ќе се изработуваат врз основа на оценката во индекс и во пријавата за испит, на кои им се дава предност.

Во текот на извештајниот период се примаа и се разгледува голем број барања поднесени од студентите на Факултетот. Истите се со различна содржина (признавање испити положени на други факултети, промена на статус на студии, студирање по новиот наставен план, продолжување на студиите и сл.).

## УПИСИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА ПРВ, ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

**Уписи на прв циклус на студии во учебната 2021/2022 година**

Со Одлука на ННС формирана е Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје за учебната 2021/22 година во состав: проф. д-р Бобан Мисоски (претседател), проф.д-р Биљана Петревска, проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова, проф. д-р Ненад Марковиќ, проф. д-р Драган Гоцевски, доц.д-р Елена Нешовска Ќосева и доц. д-р Денис Прешова.

По спроведениот упис, Конкурсната комисија констатираше дека согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2021/2022 година, беа предвидени три рока за пријавување на кандидатите, и тоа: 31.8. и 1.9.2021 година (прв рок), 15 и 16.9.2021 година (втор рок) и 28.9.2021 година (трет рок).

Во првиот уписен рок електронски поднесоа документи и беа прифатени вкупно 259 пријави и тоа: 16 на студиите по новинарство, 21 на студии по односи со јавност, 10 на политички студии на македонски јазик, 2 на политички студии на англиски јазик и 210 на правни студии. На денот на запишување, 10 и 13.9.2021 година, документи донесоа и се запишаа вкупно 252 кандидати, односно не се запишаа седум кандидати, и тоа, шест на правни студии и еден на студиите по односи со јавноста.

Споредено со минатата година во прв уписен рок се забележува пораст од 20.6% на прифатени пријави и на запишани студенти.

Во вториот уписен рок, електронски поднесоа документи и беа прифатени вкупно 32 пријави и тоа: 2 на студии по новинарство, 4 на студии по односи со јавност, 1 на политички студии на македонски јазик, 1 на политички студии на англиски јазик и 24 на правни студии. На денот на запишување, 27.9.2021 година, се запишаа вкупно 23 кандидати, односно не се запишаа 5 кандидати на правни студии, 1 кандидат на студии по новинарство, 1 кандидат на политичките студии на македонски јазик и 2 кандидати на студиите по односи со јавност. Споредено со минатата година во втор уписен рок се забележува пад од 4, 2% на бројот на запишани студенти во вториот уписен рок.

Во третиот уписен рок електронски поднесоа документи и беа прифатени вкупно 3 пријави и тоа: 2 на правни студии и 1 на политички студии на македонски јазик. На денот на запишување, 30.9.2021 година се запишаа сите 3 пријавени кандидати. Споредено со минатата година во трет уписен рок се забележува подеднаков број на запишани студенти.

Може да се заклучи дека во трите уписни рока се запишаа вкупно 278 студенти на сите студии, како и дополнителни тројца студенти на правните студии што имаат завршено средно образование во странство, со што вкупно на Правниот факултет се запишани 281 студент. Податоците се сумирани во Табела 4. Споредено со минатата година, забележан е вкупен пораст на запишани студенти од 17,6%. Најголем пад се бележи кај политички студии на македонски јазик (-31.2%), додека, имаме пораст на уписите на правни студии (23.9%), на студии по односи со јавност (47.4%), и на студии по новинарство (35.3%), додека бројот на запишани студенти на политички студии на македонски јазик е ист со минатата година. Споредено со предминатата година, и покрај фактот дека оваа година имаме забележителен пораст на запишаните студенти, сепак, за жал не може да се пофалиме со фактот дека сме ја задржале бројката на запишани студенти од 2019/2020 година, во однос на која имаме пад од (-26.6%).

**Уписи на студии од втор циклус (последипломски студии) во учебната 2021/2022 година**

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за учебната 2021/2022 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус (последипломски студии) од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Конкурсот за запишување студенти на правните, политичките, студиите по новинарство и односи со јавност од втор циклус во учебната 2021/2022 година беше објавен во дневните весници и на веб страницата на Правниот факултет и на социјалните мрежи (Facebook, Instagram, Viber). Со оглед на ситуацијата предизвикана од CoVid-19 секој заинтересиран кандидат се регистрираше на www.upisi.ukim.mk, ја пополнуваше електронската пријава од iKnow-системот, а потребните документи кандидатите ги испраќаа на електронска пошта (e-mail) на Факултетот (upisi-pravf@pf.ukim.edu.mk). Деканатот потоа ги испечати сите доставени пријави, ги подреди и им ги достави на раководителите и секретарите на колегиумите на втор циклус студии заради одлучување.

Се пријавија и се запишаа вкупно 160 кандидати на сите студиски програми[1], што претставува пораст од 27% во однос на уписите во првиот уписен рок на вториот циклус на студии за минатата година, кога вкупно беа запишани 126 студенти.

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2020/2021 година, се пријавиле и се запишале вкупно 80 студенти и тоа: правни студии - на насоката Административно право и јавна администрација вкупно 9 кандидати (од кои 3 на едногодишните студии и 6 на двогодишните), на насоката Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право вкупно 9 кандидати (од кои 3 на едногодишните студии и 6 на двогодишните), на насоката Деловно право вкупно 16 кандидати (од кои 3 на едногодишните студии и 13 на двогодишните), на насоката Историја на правото вкупно 1 кандидат (од кои 1 на едногодишните студии), на насоката Казнено право вкупно 19 кандидати (од кои 5 на едногодишните студии и 14 на двогодишните), на насоките Меѓународно право и односи и право на ЕУ (двегодишни студии) 2 студенти, Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија (едногодишни студии) 1 кандидат, на насоката Римско право и приватно-правна традиција вкупно 2 кандидати (од кои 2 на двогодишните студии), на насоката Уставно право вкупно 2 кандидати (од кои по 1 на едногодишните студии и 1 на двогодишните), на насоката Финансово право вкупно 4 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 3 на двогодишните) и на насоката Право на интелектуална сопственост вкупно 6 кандидати (од кои 2 на едногодишните студии и 4 на двогодишните); политички студии – на насоката Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија 2 кандидати (од кои сите на двогодишните студии), и на насоката Применета политика и политички систем 3 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 2 на двогодишните) и односи со јавност - на насоката Корпоративно комуницирање 4 кандидати (од кои 3 на едногодишните студии и 1 на двогодишните).

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус на студии завршува на 01.03.2022 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 3, 4 и 7 март 2022 година.

Податоците за вториот уписен рок на втор циклус студии во учебната 2020/2021 година се дел од овој извештаен период за работата на Факултетот, со оглед на фактот што запишувањето на студентите се одвиваше на 3, 4 и 5 март 2021 година.

**Правни студии**

Запишувањето на студиската програма - правни студии се вршеше на следниве насоки: Административно право и јавна администрација, Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право, Деловно право, Историја на правото, Казнено право, Корпоративно право, Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ, Римско право и приватно-правна традиција, Уставно право, Финансово право, Корпоративно право и Право на интелектуална сопственост.

Заклучно со денот на отпочнување на наставата на правните студии (во првиот уписен рок) се запишаа вкупно 132 кандидати и тоа: на насоката **Административно право и јавна администрација** вкупно 7 кандидати (од кои 2 на едногодишните студии и 5 на двогодишните), на насоката **Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право** вкупно 8 кандидати (од кои 2 на едногодишните студии и 6 на двогодишните), на насоката **Деловно право** вкупно 38 кандидати (од кои 4 на едногодишните студии и 34 на двогодишните), на насоката **Историја на правото** вкупно 0 кандидати, на насоката **Казнено право** вкупно 47 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 46 на двогодишните), на насоката **Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ** вкупно 12 кандидати (од кои 0 на едногодишните студии и 12 на двогодишните), на насоката **Римско право и приватно-правна традиција** вкупно 2 кандидати (од кои 0 на едногодишните студии и 2 на двогодишните), на насоката **Уставно право** вкупно 6 кандидати (од кои 1 на едногодишните студии и 5 на двогодишните), на насоката **Финансово право** вкупно 10 кандидати (од кои 0 на едногодишните студии и 10 на двогодишните), на насоката **Корпоративно право** вкупно 2 кандидати (од кои 0 на едногодишните студии и 2 на двогодишните) и на насоката **Право на интелектуална сопственост** вкупно 0 кандидати.

**Политички студии**

На студиската програма - политички студии запишувањето се вршеше на следниве насоки: Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија и Применета политика и политички систем на македонски и на англиски јазик.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 16 кандидати од кои 9 кандидати на насоката Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија (од кои 4 на македонски јазик, а 5 на англиски јазик) и 7 кандидати на насоката Применета политика и политички систем, сите на македонски наставен јазик.

**Студии по новинарство**

На студиската програма - новинарство запишувањето се вршеше на насоките: Политичко новинарство, Економско новинарство и Судско известување.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 1 кандидат.

**Односи со јавност**

На студиската програма – односи со јавност запишувањето се вршеше на насоките: Корпоративно комуницирање и Односи со јавност во политиката.

Пријавени и запишани (во првиот уписен рок) се вкупно 11 кандидати и тоа: 9 кандидати на насоката Корпоративно комуницирање (од кои 1 на едногодишните студии и 8 на двогодишните) и 2 кандидати на насоката Односи со јавност во политика (од кои 1 на едногодишните студии и 1 на двогодишните).

**Последипломски студии за студентите кои завршиле четиригодишни студии пред воведување на ЕКТС**

Во текот на учебната 2021/2022 година, на последипломските студии по стара наставна програма (пред воведување на ЕКТС) магистрирале вкупно 6 кандидати.

Заклучно со учебна 2014/15 година (последна година кога е извршен упис на овие студии) на последипломските студии (пред воведување на ЕКТС) запишани се вкупно 1795 студенти, а од нив се стекнале со научен степен магистер 615 кандидати.

**Уписи на студии од трет циклус - докторски студии во учебната 2021/2022 година**

Во учебната 2021/2022 година беше распишан Конкурс за упис на студенти на трет циклус студии (докторски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во првиот и во вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 19 (деветнаесет) студенти на студиските програми на правни науки, 0 (нула) студенти на студиските програми на политички науки и 0 (нула) студенти на студиската програма јавна администрација. Вкупниот број на запишани студенти на трет циклус студии на правни, политички и комуниколошки науки, од учебната 2011/12 година заклучно со учебната 2021/2022 година е 230. Во извештајниот период со научен степен – доктор на науки се стекнале 10 студенти. Вкупниот број на студенти на трет циклус студии кои се стекнале со научен степен – доктор на науки заклучно со февруари 2021 година е 76.

Листата на верификувани ментори на докторските студии е дел од елаборатите на студиските програми, како и листата на слободни ментори која што е дадена во прилог на секој конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии и која воедно е достапна и на веб страницата на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА И КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Практичната настава во извештајниот период се одвиваше преку Центрите за клиничка едукација.

**Центар за правна клиничка едукација – Центар за право на бегалции и миграција**

Во текот на 2021 година, односно летниот семестар од академската 2020/2021 година и зимскиот семестар од академската 2021/2022 година, Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје спроведе низа проекти, активности и настани во рамки на своето работење.

- Летен семестар 2021 година (март - април)

Отварањето на Центарот за право на бегалци и миграција (правна клиника за право на бегалци) се одржа на 16 март 2021 година. Со оглед на ситуацијата со CoVid-19 активностите на програмата беа организирани онлајн преку платформата zoom. Активностите на правната клиника за право на бегалци во текот на летниот семестар ја следеа и успешно ја завршија 17 студенти од кои 10 студенти се во прв циклус на правни студии и 6 студенти на втор циклус на студии (5 студенти од студиската програма по Меѓународно право и односи и право на ЕУ и 1 студент од студиската програма по Казнено право) и 1 студент на трет циклус студии.Предавањата беа одржани од страна на менторскиот тим составен од универзитетски професори од Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје: проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева и проф. д-р Сашо Георгиевски. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: Дефиниција на бегалец и мандат на УНХЦР и Бездржавјанство. Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата: Законот за меѓународна и привремена заштита низ практични примери и Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за меѓународната заштита предвидена во домашното законодавство и ЕУ стандардите.

Како и претходните семестри во рамки на правната клиника за бегалско право се одржаа две гостински предавања со предавач од странство и предавач од домашната пракса. За летниот семестар во 2021 година како меѓународен гостин предавање одржа проф. д-р Белачу Гебревол (Prof. PD Dr. habil. Belachew Gebrewold) на тема „Отаде основните причини: разбирање на евро-африканските миграциски политики“ (Beyond root causes: understanding Euro-African migration policies). Предавач од домашната пракса беше адвокатот Александар Гоџо од адвокатското друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски кој го презентираше практичниот аспект на застапување на бегалците пред судовите, особено низ случаите пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Студентите со успешното завршување на клиничката програма имаа можност да пишуват сопствени трудови/есеи на тема по нивен избор под менторство на професорите од менторскиот тим. Изработените трудови беа објавени на веб страната на Центарот за право на бегалци и миграција.

Дополнително, во соработка со Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) студентите учествува во програма за пракса, каде имаа можност да истражуваат и работат на случаи поврзани со бегалци и миграции.

- Зимски семестар 2021 година (ноември - декември)

Активностите на правната клиника за право на бегалци започнаа од 28 октомври 2021 година. Активностите од правната клиника за зимскиот семестар се одиваа во текот на ноември и декември. Со оглед на ситуацијата со CoVid-19 активностите на програмата беа организирани онлајн преку платформата zoom. Активностите на правната клиника за право на бегалци во текот на зимскиот семестар ја следеа и успешно ја завршија 16 студенти од кои 14 на правни студии на Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 1 студент од Медиумски студии и односи со јавноста од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и 1 студент од втор циклус студии по меѓународно право на Универзитетот на

Југоисточна Европа. Предавањата за време на правната клиника за право на бегалци беа одржани од страна на менторскиот тим составен од универзитетски професори од Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Покрај предавањата на менторскиот тим, свои презентации одржаа стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: Мандат на УНХЦР и Бездржавјанство. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за меѓународната заштита предвидена во домашното законодавство и ЕУ стандардите. Претставници од Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) одржаа презентации на теми поврзани со праксата, и тоа: Постапката за азил во Република Северна Македонија и практични примери и Интеграција на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија - предизвици и практики.

Како и претходните семестри во рамки на правната клиника за право на бегалци се одржаа две гостински предавања со предавач од странство и предавач од домашната пракса. За летниот семестар 2021 година како меѓународен гостин предавање одржа Елени Калампако од Грција (Eleni Kalampakou) на тема „Принципот на non-refoulment“ (The principle of non refoulement). Предавач од домашната пракса беше адвокатот Александар Гоџо од адвокатското друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски кој го презентираше практичниот аспект на застапување на бегалците пред судовите, особено низ случаите пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Студентите со успешното завршување на клиничката програма имаа можност да пишуват сопствени трудови/есеи на тема по нивен избор под менторство на професорите од менторскиот тим. Изработените трудови беа објавени на веб страната на Центарот за право на бегалци и миграција. Дополнително, во соработка со Македонското Здружение на Млади Правници (МЗМП) студентите учествува во програма за пракса, каде имаа можност да истражуваат и работат на случаи поврзани со бегалци и миграции.

- Летна школа за права на бегалци и миграција 2021: Бегалците, Миграцијата и „Новото Нормално“ (Summer School for Refugee Rights and Migration 2021: Refugees, Migration and the “New Normal”)

Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во соработка со Претставништвото на УНХЦР во Северна Македонија и во партнерство со Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо, во периодот од 23 до 26 август 2021 година одржа летна школа за права на бегалци и миграција со посебен фокус на темата: Бегалците, Миграцијата и „Новото Нормално“ (на англиски: Summer School for Refugee Rights and Migration 2021: Refugees, Migration and the “New Normal”). Со оглед на ситуацијата со CoVid-19 во Република Северна Македонија, организацискиот одбор на летната школа одлучи истата да се спроведе преку онлајн платформа. Летната школа се спроведе на платформата Zoom. Отворениот повик за летната школа почна на 4 август 2021 година и траеше до 17 август 2021 година. Примарната таргет група беа студенти од сите три циклуси студии од Република Северна Македонија, Европа и светот. Во текот на отворениот повик се пријавија 202 апликанти од 56 земји од целиот свет. Најголем број на апликации пристигнаа од Турција, Северна Македонија и Италија, со други апликации од земји низ Европа, Азија, Африка, Северна и Јужна Америка. Од вкупниот број апликации организацискиот одбор избра 88 апликанти кои беа прифатени на летната школа. Летната школа успешно ја заврши 69 учесници со што се здобија со сертификат. Прифатените апликанти се студенти на додипломски и постдипломски студии од 35 земји од целиот свет: Албанија, Аргентина, Бангладеш, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бразил, Бугарија, Кина, Египет, Шпанија, Франција, Гана, Грција, Гвинеја-Бисао, Индија, Италија, Казахстан, Косово, Мјанмар, Пакистан, Палестина, Полска, Република Молдавија, Република Северна Македонија, Романија, Србија, Словенија, Шведска, Швајцарија, Тајланд, Турција, Обединети Арапски Емирати, Украина, Соединетите Американски Држави. Меѓународниот карактер на летната школа беше поткрепен со голем спектар на предавачи од областа на правото на бегалци и миграција. Предавачите се од редот на универзитетски професори, експерти од УНХЦР како и предавачи од Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо. Во текот на летната школа учествуваа 19 предавачи и говорници од 13 земји од Европа, Северна Америка, Азија и Австралија.

На 23 август 2021 година официјално се отвори летната школа со воведни говори од страна на проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, директор на школата, проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје и проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Дополнително свои воведни говори одржаа г-ѓа Моника Сандри, претставничката на УНХЦР во Република Северна Македонија и Клаудио Делфабро, директор на Одделот за меѓународно право на бегалци при Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо. Информацијата за одржување на летната школа беше споделена преку соопштение до медиумите, а истото беше широко објавено.

Листа на теми и предавачи: Refugees and Other Persons in Need of Protection (Claudio J. Delfabro and Kristijan Mihaljovski - International Institute of Humanitarian Law, Italy); ‘Feasibility of the EU New Pact

on Migration and Asylum 2020' (Prof. dr. Jaap de Zwaan, Erasmus University in Rotterdam, the Netherlands); Delivering protection in the field (Ms. Haruno Nakashiba, Senior Protection Coordinator, UNHCR in Cox's Bazaar, Bangladesh); "Externalization" of International Protection (Mr. Cameron Shilton, Protection Officer, Asylum and Migration, working for the DIP, UNHCR in Geneva); Strategic Communication: Motivating Positive Sentiment Towards Refugees (Prof. dr. Kimberly A. Parker and Prof. dr. Bobi Ivanov - Department of Integrated Strategic Communication, University of Kentucky); European-African Migration and Security Policy Cooperation Seeking Solutions (Prof. dr. Belachew Gerberwold, MCI, Innsbruck, Austria); Refugee Empowerment: Undermining the Politics of Victimization (Prof. dr. Nikos Xypolytas, University of the Aegean, Greece); Seeking Solutions (Lobna Abdel Hadi, International Expert on Refugee Protection); International Refugee Protection and Victims of Trafficking, Victims of Gender-Based Violence and LGBT (Prof. d-r Ivana Krstic, University of Belgrade Faculty of Law, Serbia); Foresight and Futures in Peace and Security (Martin Waehlisch - Team Lead, Innovation Cell, and Minji Song -Political Affairs Officer, Innovation Cell from the United Nations Department of Political & Peacebuilding Affairs). Дебата: The Global Compact on Refugees and the Role of the Academia - Prof. d-r Sasho Georgievski, Claudio J. Delfabro, Rachel Criswell, D-r Saja Al Zoubi.

- Истражувачки проект: „Говорот на омраза и бегалци"

„Говорот на омраза и бегалци" е публикација, издадена како дел од проектот „Регионална поддршка на раководење со миграција која предвидува заштита во Западен Балкан и Турција, фаза II", имплементиран од УНХЦР Северна Македонија и партнерските агенции на ОН и финансиран од Европската Унија во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II). Истражувачкиот проект „Говорот на омраза и бегалци" се спроведе во две фази: собирање податоци и подготовка на истражувачки труд. Дополнително, на 2 ноември во рамки на истиот се одржа меѓународен настан - работилница: Kick Off Meeting of The Research Project "Hate Speech and Refugees", во организација на Центарот за бегалско право и миграција на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на кој земаа учество истакнати професори, практичари и експерти со признато реноме во областа на бегалското право и тоа: професорот по право Jens Vedsted-Hansen од Универзитетот во Архус во Данска; Neža Kogovšek Šalamon, адвокат и правен научник од Словенија, воедно и член на ЕКРИ на Советот на Европа, професорката Маја Munivrana од Правниот факултет во Загреб, Хрватска, Eleni Kalampakou, правен офицер за човековите права во канцеларијата Омбудсманот, Грција со искуство на правник во областа на бегалското право; Eleni Takou, коосновач и извршен директор на НВО HumanRights360 и Garyfallia Anastasopoulou, координатор на Racist Violence Recording Network (RVRN), Грција. Целосната студија е публикувана на македонски јазик и објавена на веб страната на Центар за право на бегалци и миграција при Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје. Автори на публикацијата се: проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и проф. д-р Сашо Георгиевски. Во истражувачкиот процес учествуваа и двајца студенти истражувачи: Луција Чукеловска и Оливер Видиков, студенти на втор циклус студии по меѓународно право и односи и право на ЕУ при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје.

- Напреден тематски форум за меѓународна заштита на бегалци со фокус на темата - Комплементарни патишта за бегалци

Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во партнерство со Претставништвото на УНХЦР во Северна Македонија и Меѓународниот институт за хуманитарно право во Санремо организираа Напреден тематски форум за меѓународна заштита на бегалци со фокус на темата - комплементарни патишта за бегалци кој се одржа на 26 јануари 2022 година. Форумот беше домаќин на меѓународно признати експерти од Глобалната академска интердисциплинарна мрежа, Универзитетот од Болоња и други реномирани академски институции, со учество на искусни практичари и академици, кои заеднички ги истражуваа можностите за отворање на безбедни образовни канали до заштита и решенија за бегалци. Форумот беше организиран во насока на поддршка на заложбите на Северна Македонија со потпишувањето на Глобалниот компакт за бегалци во 2018 година, кој меѓу своите основни цели вклучува проширување на решенија за бегалците во трети земји. Форумот го отвори со свое обраќање Претседателот на Република Северна Македонија – проф. д-р Стево Пендаровски. Отворениот повик за учесници беше објавен на 23 ноември и траеше до 13 декември 2021 година. На повикот се пријавија 59 апликанти од целиот свет. Организацискиот одбор селектира 30 апликанти кои земаа учество на форумот и се стекнаа со сертификати. Во текот на 2022 година е предвидено публикување на труд и подготовка на препораки на темата со посебен осврт на Република Северна Македонија.

---

**Центар за правна клиничка едукација - Правна клиника за ранливи групи**

Правната клиника за ранливи групи во изминатиот период работеше со редуциран интензитет поради специфичниот начин на работа на Факултетот во време на пандемијата, така што и покрај фактот дека Клиниката е регистрирана при Министерството за правда за давање примарна бесплатна правна помош и е вклучена во Меморандумот за соработка на даватели на бесплатна правна помош со

Министерството за правда, во текот на овој период не спроведе активности на полето на бесплатната правна помош.

**Центар за правна клиничка едукација по казнено право**

Активностите во Центарот за правна клиничка едукација по казнено право (Правна клиника по казнено право) се спроведуваат преку предметите Казнено материјално право – применета програма и Казнено процесно право – применета програма, како задолжителни предмети на студиската програма на втор циклус студии по казнено право. Иако предметите Казнено право – применета програма се едносеместрални и се изучуваат во летниот семестар, студентите продолжуваат со активностите на Клиниката и во зимскиот семестар. Во периодот на април – декември 2021 година, во активностите на Клиниката учествувале 62 студенти.

Во периодот април – декември 2021 година Правната клиника по казнено право ги реализира следниве активности:

- Континуирана теоретска и практична обука од страна на менторите во Правната клиника и адвокатот Дељо Кадиев наменети за студентите од областа на кривичната постапка во делот од ЗКП што се однесува на подготовка на обвинителен акт и приговор на обвинителен акт, унапредување на вештините за состав на воведни и завршни говори, директно и вкрстено испитување. Обуките се спроведуваа преку обработка на хипотетички случаи, а потоа и преку работа на веќе завршен анонимизиран кривичен предмет;
- Спроведена една симулација на судење (mock trial) преку онлајн платформа за видео конференциска врска во соработка со Амбасадата на САД во Република Северна Македонија;
- Давање на секундарна правна помош на 3 (три) судски предмети, од кои 2 (два) се правосилно завршени, а 1 (еден) предмет сѐ уште е активен;
- Остварено присуство на 35 главни расправи;
- Следење на судски расправи во Основниот Кривичен суд во Скопје на месечно ниво во периодот од месец септември до месец декември 2021 година;
- Обезбедена е бесплатна примарна правна помош на 3 (тројца) корисници, во рамките на јавно публикуваниот случај т.н. „јавна соба";
- Спроведен е тренинг за трговија со луѓе и презентација на филм на темата, во соработка со ИОМ, канцеларијата во Скопје.

**Центар за правна клиничка едукација – Центар за клиничка настава за спречување на корупција и судир на интереси**

Центарот за клиничка настава за спречување на корупција и судир на интереси во текот на 2021 година, со оглед на состојбата предизвикана од пандемијата заради CoVid-19, не беше во можност да одржи вежби со физичко присуство, односно посета на институции. Вежбите со физичко присуство, посетите на институциите и останатите активности (бесплатни правни совети на граѓани и средбите) ќе започнат штом ќе бидат создадени соодветни услови.

**Центар за правна клиничка едукација за владеење на правото, заштита на човекови права и слободи и стратешко партнерство**

Центарот за правна клиничка едукација за владеење на правото, заштита на човекови права и слободи и стратешко партнерство во текот на 2021 година, со оглед на состојбата предизвикана од пандемијата заради CoVid-19, не беше во можност да спроведе определени активности, така што активностите на оваа Клиника ќе започнат штом ќе бидат создадени соодветни услови.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуацијата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, беше спроведена од страна на Комисијата за самоевалуација: проф. д-р Тина Пржеска (претседател), проф. д-р Иван Дамјановски (член), проф. д-р Јован Зафироски (член), проф. д-р Бобан Мисоски (член), проф. д-р Вангел Доковски (член), Милена Јаневска (студент) и Памела Павловска (студент). Комисијата за самоевалуација беше избрана по пат на тајно гласање од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со мандатен период од четири години од 29.1.2021 година до 29.01.2025 година за претседателот и членовите на Комисијата и со мандатен период од една година од 29.1.2021 година до 29.1.2022 година за студентите учесници во Комисијата.

Во рамките на своите надлежности Комисијата за самоевалуација одржуваше online работни состаноци (12.2.2021, 17.2.2021, 19.2.2021, 22.2.2021 и 22.9.2021 година) на кои се направи план за спроведување на процесот за самоевалуација, се извршија подготовки на материјалите (прашалниците) за анкетирање на студентите и вработените на Факултетот, се прибираа други неопходни податоци, се изврши обработка на прибраните податоци од спроведените анкети и се изготви Извештајот за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје за учебната 2020/21 година.

За потребите на процесот на самоевалуација Комисијата за самоевалуација спроведе: Студентска анкета за оцена на работата на наставниците и соработниците на првиот и вториот циклус студии за зимскиот семестар во учебната 2020/21 година (online со користење на апликацијата MS Forms); Студентска анкета за оцена на работата на наставниците и соработниците на првиот и вториот циклус студии за летниот семестар во учебната 2020/21 година (online со користење на апликацијата MS Forms); Анкети за застапеност на студентите и задоволство од воншколски активности посебно за зимскиот и посебно за летниот семестар во учебната 2020/21 година (online со користење на апликацијата MS Forms); Анкети за работата на Административната служба на Факултетот посебно за зимскиот и посебно за летниот семестар во учебната 2020/21 година (online со користење на апликацијата MS Forms); Анкетен прашалник за дејноста на Факултетот; и Анкетен прашалник за наставно-научната дејност на наставниот кадар на Факултетот (online со користење на апликацијата MS Forms).

Врз основа на прибраните податоци од спроведените анкети и прашалници, како и врз основа на други податоци добиени со непосредни контакти со службите на Факултетот, Комисијата подготви и поднесе Извештај за самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје за учебната 2020/2021 година кој беше усвоен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 29.9.2021 година.

## НАУКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

**Тековни активности**

Во извештајниот период беа дистрибуирани повеќе повици за стипендии, специјализации и конференции преку web страницата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и преку електронска пошта.

Во месец март 2021 година беше активиран платен пристап до базата на податоци HEINONLINE за International Core пакетот и со примена на пристапот преку факултетската мрежа.

Во август 2021 година на барање на Ректоратот на УКИМ, Правниот факултет сподели дел од архивата на научно истражувачката дејност на Факултетот во форма на фотографии и видеа за подготовка на документарен филм „30 години наука" во продукција на МТВ по повод 30 годишнината од основањето на Републиката.

Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Ккопје - "Law, socio-economics and politics in troubled times"

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 5 ноември 2021 година ја организираше традиционалната меѓународна конференција, која заради CoVid-19 пандемијата, втора година по пред се одржа со примена на видео конференциска платформа (zoom). Работата на конференцијата беше поделена на два дела: пленарен дел и работа во паралелни сесии. На пленарниот дел од конференцијата, свои излагања имаа: Dr. Florian Bieber, професор по Southeast European History and Politics и директор на Центарот за студии за Југоисточна Европа на Универзитетот во Грац, Австрија и Dr. Adam Lazowski, професор по Право на Европската Унија на Универзитетот во Вестминстер, Лондон. Работата на вториот дел од конференцијата беше организирана преку 6 паралелни сесии на кои учествуваа вкупно 49 учесници од земјата и од странство (Србија, Полска, Хрватска, Белгија, Обединето Кралство). Трудовите кои беа презентирани на конференцијата ќе бидат објавени во посебно издание на Iustinianus Primus Law Review во првата половина од 2022 година. Котизацијата за учество на конференцијата, за учесниците кои не се вработени на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје изнесуваше 50 евра, а за докторанди 40 евра.

Регионална конференција (online): Legal status and protection of internationally displaced persons, refugees, asylum seekers and 'invisible' persons without ids – Партнерско учество на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

На 28 мај 2021 година, се одржа завршната регионална конференција (online) со која се означи крајот на реализацијата на проектот насловен: Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without IDs. Овој проект, беше поддржан од страна на SEELS мрежата, а е резултат на соработка помеѓу правните факултети во Ниш, Зеница, Осијек и Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. На конференцијата, од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје учествуваа: проф. д-р Тони Дескоски (координатор на тимот), проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Ивана Шумановска Спасовска, проф. д-р Милка Ракочевиќ, проф. д-р Александар Ристовски и проф. д-р Вангел Доковски.

Меѓународна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на тема: „30 години од усвојувањето на Уставот на Република Македонија“ (30 years since the adoption of the Republic of Macedonia's Constitution)

Меѓународната конференција беше организирана од страна на Меѓународен Организациски одбор во кој членуваа професори од Австрија, Словенија, Хрватска, Србија, Словачка, Шпанија, заедно со сите членови од Катедрата по Уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Конференцијата се одржа на 10.12.2021 година преку zoom платформата како дел од факултетската програма за одбележување на Меѓународниот ден за човековите права.

Конференцијата ја отворија Ректорот на УКИМ, проф. д-р Никола Јанкуловски и Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“, проф. д-р Сашо Георгиевски.

На конференцијата беа пријавени и со свои излагања земаа учество 30 учесника од земјата и од странство. Во работниот дел од конференцијата, учесниците беа поделени во четири работни сесии и тоа: Првата работна сесија насловена како “Constitutional challenges and dilemmas of modern constitutionalism-Macedonian and European Practices” беше модерирана од професорот по уставно и административно право, д-р Андраш Јакаб од Универзитетот Салцбург, Австрија; Втората сесија насловена како “Legal and political aspects of the Macedonian constitutionalism” беше модерирана од професорот по уставно право, д-р Карлос Флорес Хубериас од Универзитетот во Валенсија, Шпанија; Третата работна сесија беше насловена како „The Constititional-judicial practice, legal interpretation and constitutionalism” беше модерирана од професорот по уставно право, д-р Џорџе Гардашевиќ од Правниот факултет во Загреб, Хрватска, додека Четвртата работна сесија насловена како “The legal, economic and political aspects of the Macedonian constitutional identity” беше модерирана од професорот по уставно право и човекови права, д-р Дарко Симовиќ, од Универзитетот за полициски студии во Белград, Србија.

Работните сесии следеа последователно и во континуитет така што сите учесници и студентите кои беа вклучени на платформата можеа да ги следат презентациите на сите говорници и да поставуваат прашања. Конференцијата заврши во 17.30 часот. Подготвена е книга на апстракти, а беше договорено сите учесници да ги достават своите трудови во писмена форма најдоцна до 31 март 2022 година, со цел истите да бидат објавени во посебно издание на факултетското електронско списание Iustinianus Primus Law Review.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка.

### КОНФЕРЕНЦИИ, ДЕБАТИ, НАСТАНИ

На 31 март 2021 година се одржа ZOOM (online) дебата со Амбасадорот на Европската Комисија во Република Северна Македонија, г-динот Гир и Амбасадорката на САД во Република Северна Македонија – г/а Брнз со студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на темите – антикорупција и реформа на судскиот систем. На дебатата учествуваа студенти преку Клиниката за казнено право, а ја модерираа професори од Правниот факултет и претставници на Здружението на Млади Правници.

На 6 април 2021 година на покана на Правниот факултет при Универзитетот во Сараево, Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје со свои претставник присуствуваше на Свечената седница по повод 75 годишнината од основањето на Факултетот во Сараево. Седницата се одржа преку платформата ZOOM.

На 20 април 2021 година беше одржан вируелен состанок со проф. д-р Адем Созуер, при Правниот факултет од Универзитетот во Истанбул, Турција. На настанот учествуваа Деканот, проф.д-р Сашо Георгиевски, продеканката за наука и меѓународна соработка, проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева и проф. д-р Вангел Доковски. Во рамки на разговорите беше договорено обновување на соработка меѓу двете институции.

На 10 мај 2021 година се одржа конференцијата Free Market Road Show 2021 во Скопје, во организација на Центарот за австриска економија од Виена и Правниот факултет „Јустинијан Први“. Темата на овогодинешниот настан беше „Функционирањето на пазарите и владите во пост-пандемиски услови“. Настанот го отвори продеканката за наука и меѓународна соработка на Правниот факултет, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, а свое обраќање имаше и проф. д-р Катерина Шапкова Коцевска. Поради CoVid-19 пандемијата, конференцијата се одржа онлајн. Free Market Road Show е глобална иницијатива во организација на Центарот за австриска економија од Виена, во соработка со повеќе од 100 водечки организации и универзитети од Европа, а во соработка со истакнати меѓународни партнери како Global Philanthropic Trust, The Krieble Foundation, Americans for Tax Reform, Competitive Enterprise Institute, World Taxpayers Associations, European Students for Liberty, and the Hayek Institut и др.

На 10 мај 2021 година беше одржан состанок со претставник на Институтот за компаративно право од Белград. На состанокот беа разгледани можности за соработка меѓу двете организации.

Во текот на предавањата во 2021 година во летниот семестар во рамките на група 2 која ја водеше проф д-р Лазар Јовевски со група на 30-тина активни студенти кои покажаа дополнителен интерес, се одржаа неколку онлајн дискусии - трибини на кои присуствуваа гости, реномирани експерти од своите полиња. Помеѓу гостите беа претседателот на Бизнис конфедерацијата г. Миле Бошков, националниот координатор на Меѓународната организација на трудот (МОТ) во Скопје, г. Емил Крстановски, претседателот на СОНК – г. Јаким Неделковски, претседателот на Македонското здружение за заштита при работа – г. Милан Петковски, претседателот на Конфедерацијата на слободни синдикати – г. Благоја Ралповски и други.

На 5 јули 2021 година се одржа виртуелна промоција на студијата „Балканските наследства – Долгата сенка на конфликтот и идеолошкиот експеримент во Југоисточна Европа" преку платформата zoom. На настанот свое поздравно обраќање имаше деканот на Факултетот, проф. д-р Сашо Георгиевски и повеќе професори од странство како и проф.д-р Мишо Докмановиќ, кој е автор на трудот „Неочекуван пресврт" – историското наследство на дваесеттиот век и процесот на „антиквизација" во Македонија. Книгата е објавена од страна на престижниот американски издавач Purdue University Press.

Во периодот од 5 до 9 јули 2021 година од страна на Советот на Европа беше организирана Летна школа на тема „Environment and human rights". Летната школа беше организирана во Требиње, БИХ со физичко присуство, а учество имаа 2 студенти од Правниот факултет.

Во периодот од 12 до 16 јули 2021 година, во организација на Совет на Европа се одржа Летна школа за европските медиумски стандарди. Школата беше организирана во онлајн формат, а учество имаа 10-тина студенти од повеќе студиски програми на Факултетот на додипломски студии и мастер студии.

Во август и септември 2021 година беше објавен повик за LEADERSHIP ACADEMY FOR DEVELOPMENT - The Role of Public Policy in Private Sector Development. Академијата беше предвидено да се одржи на Правниот факултет во периодот од 11 до 15 октомври 2021 година. Имплементатори на програмата се Center for Democracy, Development and the Rule of Law (CDDRL) of Stanford University's Freeman Spogli Institute for International Studies, а е основана во партнерство со Center for International Business and Public Policy at the School of Advanced International Studies, Johns Hopkins University. Поради влошувањето на состојбата со CoVid-19, одржувањето на настанот беше презакажан за почеток на месец март 2022 година. Покрај Правниот факултет „Јустинијан Први" во својство на партнерска организација е Институтот за демократија „Социетас цивилис" – Скопје.

На 11 ноември 2021 година, Катедрата по трудово и социјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје организираше настан насловен „Иднината е сега" на кој говорници беа проф д-р Лазар Јовевски, деканот на факултетот за информатика при Славјански универзитет, проф д-р Орце Симов и адвокатката Мимоза Салтирова.

На 29 и 30 ноември и 3 декември 2021 година Правниот факултет претставен од проф. д-р Мишо Докмановиќ во соработка со Фондот на Холокустот на Евреите од Македонија и Mémorial de la Shoah, организираше онлајн тренинг за студенти на тема „Холокаустот и масовни злосторства". Настанот во име на деканот на Факултетот го отвори проф. д-р Мишо Докмановиќ, а предавачи на настанот од Правниот факултет беа проф. д-р Мишо Докмановиќ и проф. д-р Елена Михајлова Стратилати.

На покана на Латвискиот Институт за меѓународни работи, деканот на Правниот факултет на 30 ноември 2021 година имаше виртуелно учество на меѓународна конференција "NATO's Outlook Towards 2030 and Beyond". Конференцијата беше организирана како споредeн настан на состанокот на министрите за надворешни работи на НАТО во Рига, Латвија.

Во декември 2021 година, ННС даде согласност за учество на Правниот факултет во организација на меѓународна научна конференција во соработка со меѓународната мрежа на истражувачи ERECO PGV, на иницијатива на проф. д-р Јован Зафироски. Мрежата на истражувачи франкофони European research community ERECO PGV (www.ereco.eu) е со седиште во Гренобл, Франција. Конференцијата би се одржала во Охрид во периодот 22-23.9.2022 година. Темата на конференцијата би биле прашањата од европските интегративни процеси, како и моменталните состојби во Унијата. Како работни јазици на конференцијата се предвидени францускиот и англискиот јазик.

По повод 10 декември – Меѓународниот ден на правата на човекот, Правниот факултет во соработка со Совет на Европа организираше онлајн предавање на тема „Слобода на изразување за студентите/ките од Правниот факултет „Јустинијан Први". Предавањето се одржа преку платформата KUDO, заради можноста за симултан превод. На самиот настан учествуваа околу 15 студенти од сите студиски програми на Факултетот. Гостински предавач на настанот беше проф. д-р Јелена Сурчулија-Милојевиќ – експертка на Совет на Европа и професор на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград, Србија. Нејзиното обраќање беше на тема „Меѓународни стандарди за дефинирање на говорот на омраза како кривично дело и неговата (зло)употреба како (не)вообичаен бизнис модел ". Настанот го отвори проф. д-р Бобан Мисоски.

На 21 декември 2021 година Катедрата по трудово право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје ја организираше Втората национална конференција за арбитража и помирување во работните спорови. Настанот беше организиран од страна на катедрата за трудово право, Правниот Факултет „Јустинијан Први“ и Асоцијацијата на помирувачи и арбитри во работни спорови.

На 18 јануари 2022 година на Правниот факултет гостуваше делегација на SAIS International Human Right Law Clinic при School of Advanced International Studies at Johns Hopkins University (SAIS). Делегацијата беше предводена од проф. д-р Steven M. Schneebaum, а беше составена од 12 студенти на истоимениот Универзитет. На средбата учествуваа претставници на Центарот за правна клиничка едукација по казнено право и Центарот за правна клиничка едукација за право на бегалци и миграција, студенти членови на тимот за натпреварот Jessup за 2022 година, како и претставник на Меѓународната Организација за Миграции во Република Северна Македонија.

На 24 јануари 2022 година во организација на Државната комисија за спречување на корупција беше одржана Јавна дебата на тема „Интегритет во високото образование – Поттикнување на борбата против корупцијата“ на која учествуваа проф. д-р Ана Павловска Данева и проф. д-р Гордан Калајџиев, а обраќање во име на деканот- проф. д-р Сашо Георгиевски имаше продеканот –проф. д-р Бобан Мисоски.

## СТУДИИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА (ДВОЈНА ДИПЛОМА)

Во рамки на заедничка програма на мастер студии со двојна диплома „Студии за Југоисточна Европа“ со Универзитетот во Грац, Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје прими и прифати една апликација за мобилност на студентка од Универзитетот од Грац на вториот циклус студии на студиската програма – политички студии. Студентката треба да ја реализира мобилноста во рамки на летниот семестар на учебната 2021/2022 година.

## МОБИЛНОСТ

Во извештајниот период беа објавени повици за мобилност преку програмата Еразмус за студенти и наставен кадар.

*ERASMUS +*

Во извештајниот период, во рамки на програмата ERASMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани се два конкурси. На конкурсот за студентска мобилност, пристигнаа вкупно четири пријави од студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. По нивното разгледување, следниве студенти се номинирани и прифатени од страна на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, за реализација на студентска размена: Љупка Апостоловска (студентка на прв циклус правни студии; летен семестар на Правниот факултет при Универзитетот во Сплит), Марија Зара Лазаревска (студентка на втор циклус правни студии; летен семестар на Правниот факултет при Универзитетот во Загреб), Ања Диздаревиќ (студентка на втор циклус политички студии; летен семестар на Универзитетот во Павија) и Ристо Дамовски (студент на втор циклус политички студии; летен семестар на Универзитетот во Павија). На конкурсот за академска мобилност, пристигната е една пријава од страна на доц. д-р Денис Прешова и истата е проследена до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за прифаќање. Доц. д-р Денис Прешова ќе оствари академска мобилност на Universidade Nova de Lisboa, Португалија. Во текот на 2021 година, заради пандемијата со CoVid-19, не е реализирана програмата за студент на мобилност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Исто така, во 2021 година склучен е нов ERASMUS+ договор со Правниот факултет при Универзитетот во Мунстер, Германија и започната е постапка за продолжување на важноста на веќе склучените ERASMUS+ договори.

## МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ, МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

За време на извештајниот период беа потпишани меморандуми за соработка со следните институции/организации: Меморандум за соработка со Министерство за правда на Република Северна Македонија; Меморандум за соработка со Бизнис Конфедерација на Македонија; Меморандум за соработка со Асоцијација на помирувачи и арбитри во работните спорови во Република Северна Македонија АПАРС – Скопје; Друштвото за консултантски услуги АЦТ ДОО Скопје; Државниот завод за индустриска сопственост.

## УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИ НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

***Натпревар по меѓународно право „Moot Court Competition Phillip Jessup", Вашингтон, САД***

Студентската екипа од Правниот факултет „Јустинијан Први" во состав: Елена Јаман, Соња Анастасова, Христијан Зафировски, Виктор Кочински и Леона Кичеец, а подготвувани од проф.д-р Сашо Георгиевски и доц.д-р Љупчо Стојковски, направи извонреден успех на меѓународниот натпревар по меѓународно право Phillip C. Jessup освојувајќи го 2-то место во светот на писмениот дел од натпреварот во конкуренција од 574 екипи од целиот свет. Со тоа тимот од Правниот факултет беше и

еден од добитниците на Hardy C. Dillard наградата за најдобри комбинирани меморандуми (Best combined memorials) на натпреварот. Дополнително, за писмениот поднесок како тужител (во категоријата „Best Applicant Memorial") Правниот факултет го освои 3-то место во светот за оваа година.

При своето прво учество на овој престижен натпревар во 2018 година Правниот факултет „Јустинијан Први" ја освои наградата за "Најдобар нов тим" на натпреварот и се пласира во првата десеттина најдобро рангирани екипи (од над 710 учесници), а во 2019 година, исто така пласирајќи се во првата десеттина екипи од светот, го освои и второто место на пријателскиот натпревар Philip C. Jessup European – Friendlies во Лисабон. Претходната година, Правниот факултет оствари уште поголем успех, пласирајќи се на 26-то место на конечната ранг листа (кое лани се вршеше само според писмените поднесоци, бидејќи усните рунди се откажаа), освојувајќи ја Alona E. Evans наградата за најдобри комбинирани меморандуми на меѓународните рунди на натпреварот.

Оваа година, со освојувањето 2-то место во свет и на Hardy C. Dillard наградата за најдобри комбинирани меморандуми на натпреварот студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први" (Елена Јаман, Соња Анастасова, Христијан Зафировски, Виктор Кочински и Леона Кичеец) се пласираат и пред нивните колеги од Fordham University (САД), Katholike Universiteit Leuven (Белгија), Bucerius Law School (Германија), Hertie School (Германија), University College London (Велика Британија), Macquire University (Австралија), National Law University, Jodhpur (Индија) и Universiteit Leiden (Холандија), кои беа дел од 10-те најдобри тимови во светот во оваа категорија. Победник во оваа категорија беше Chongqing University (Кина).

Освен огромниот успех кој го постигна во писмениот дел од натпреварот, тимот на Правниот факултет имаше и одличен настан на усниот дел од натпреварот. Откако во егзибиционите рунди (кои не беа со натпреварувачки карактер) се натпреваруваше со тимови од Lomonosov Moscow State University (Русија) и University of Toronto (Канада), во прелиминарните од натпреварот Правниот факултет се соочи со екипи од University of Arizona (САД), University of California-Davis (САД), University of Michigan (САД) и Al Azhar University (Египет). По успешно поминатите прелиминарни рунди, Правниот факултет обезбеди пласман во напредните (advanced) рунди од натпреварот – во кои се пласираа најдобрите 168 екипи од светот – каде се сретна со тимови на универзитетите Friedrich-Alexander-Universität Erlangen-Nürnberg (Германија), Harvard University (САД), Peking University (Кина) и University of Melbourne (Австралија). Во овие 8 рунди Правниот факултет забележа скор од 5 победи и 3 порази, со што го освои 95-то место во конечното рангирање, во конкуренција на 574 екипи од целиот свет кои земаа учество на натпреварот оваа година. Со тоа, Правниот факултет се пласираше пред бројни реномирани универзитети, како на пример George Washington University (101) и Georgetown University (121) од САД, London School of Economics (115) и University College London (122) од Велика Британија, Lomonosov Moscow State University (130) Русија, Universiteit Utrecht (116) Universiteit Leiden (207) од Холандија, University of Helsinki (128) Финска, и многу други. Победник на натпреварот за оваа година беше Универзитетот Сиднеј.

***Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot-XXVIII Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot***

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со свој тим на студенти по 14-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа меѓународната трговска арбитража. Натпреварот, заради појавата на CoVid-19 се одржа online, а нашиот тим учествуваше во писмената и усната фаза од натпреварот. Тимот го сочинуваа студентите на вториот циклус правни студии: Софијана Марковска, Филип Србиноски, Филип Зафировски и Александар Колариќ, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски во соработка со проф. д-р Вангел Доковски, д-р Ана Пепељугоска (адвокат во адвокатско друштво "ПЕПЕЉУГОСКИ") и асс. М-р Љубен Коцев. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на 5 online подготвителни натпревари. Во конкуренција на 387 тимови, по 4 усни настапи (University of the State of Rio de Janeiro, American University, Université Saint-Joseph de Beyrouth, University of Texas) тимот е рангиран на 113 место. Средствата за котизација беа обезбедени од домашни адвокатски канцеларии.

***XIII Frankfurt Investment Arbitration Moot***

Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје, со свој тим на студенти, по четврти пат учествуваше на меѓународниот натпревар од областа на Инвестиционото право – Frankfurt Investment Arbitration Moot. Натпреварот, заради појавата на CoVid-19 се одржа online. Тимот го сочинуваа студентите на првиот циклус правни студии: Ана Угрова, Марија Крстева, Марко Петровски, Кристијан Петковски и Александар Милошевиќ, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски, проф. д-р Вангел Доковски и доц. д-р Марко Кртолица. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на online подготвителен натпревар. Во конкуренција на 113 тимови, по 3 усни настапи, тимот е рангиран на 18 место.

## CEEPUS NETWORKS

Во текот на извештајниот период беше продолжена работата во рамки на мрежите на CEEPUS програмата во кои Правниот факултет учествува. Работата на CEEPUS – биоетика мрежата и соодветно на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, како партнер Универзитетот, беше во голем дел парализирана поради актуелната пандемија со вирусот CoVid-19. Имајќи предвид дека на почетокот на годината немаше достапни вакцини за имунизација и сеуште пандемијата беше голема закана за здравјето на луѓето и соодветно на тоа постоеа големи рестрикции во меѓународните патувања, не беа испланирани размени на студенти и наставен кадар.

Сепак, CEEPUS – биоетика мрежата го искористи ваквиот вакум период за развивање на стратегија за понатамошната работа и проширување на активностите. Така, се одржаа неколку on-line состаноци, каде координаторите/ките на партнер универзитетите, вклучувајќи го и Правниот факултет „Јустинијан Први“ дискутираа за подобрување на видливоста и достапноста на информации за програмата и идните размени, прецизирање на содржината на организираните настани и можно проширување на опсегот на делување во иднина. Во таа насока, координаторите/ките на партнер универзитетите испратија информации за предметните програми, условите за користење на стипендиите и практични информации (сместување, износ на стипендија, исхрана итн.) на секоја единица одделно. Понатаму, координаторите/ките се договорија да ја дополнат содржината со нудење на можност за колоквиуми/семинари/дискусии со докторанти кои работат на тема од областа на биоетиката, како иницијален чекор кон можноста да се создадат заеднички докторски студии во иднина. На Правниот факултет во Скопје немаше студенти кои пишуваат докторати во областа на биоетиката и соодветно, заинтересирани да учествуваат на докторскиот семинар. За да се зголеми интересот на студентите, треба да се промовира биоетиката, пред сѐ преку нови предметни програми на втор и трет циклус на студии со следните акредитации на студиските програми. Ваква идеја веќе постои и беше предложена од координаторката проф. д-р Елена Игновска, но се чека на истек на рокот на актуелната акредитација. Координаторите/ките исто така работеа на проектирање на активностите за следната година кога се очекува поголема мобилност. Така, следниот состанок на CEEPUS мрежата е закажан да биде со физичко присуство во месец јуни, 2022 година во Загреб, Република Хрватска кој всушност ќе следи по реализирана размена на наставен кадар.

Работата на мрежата Етика и политика во европски контекст имаше лимитирани активности заради ситуацијата со CoVid-19 при што предвидените мобилности во текот на годината не беа реализирани, дел беа организирани и спроведени во онлајн формат, а само една активност – летна школа се спроведе во живо со ограничен број на учесници.

Мрежата Етика и политика во европски контекст во изминатата година одржа редовни консултации. Во месец јуни 2021 година беше одржана годишната средба на координаторите на партнерските институции во мрежата во организација на John Paul II Catholic University of Lublin, Institute of Sociological Sciences. Во организација на главниот координатор на мрежата при Институтот за социолошки науки, на 26.06.2021 година беше организиран научен семинар на тема Development Challenges of Central and Eastern European Societies and Economies after the CoVid-19 pandemic. На семинарот учество имаше и проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, локален координатор на мрежата.

Во рамки на активностите на мрежата беше организирана и летна школа Summer School of the Network of Ethics and Politics in the European Context на Catholic University of Lublin – Poland на тема Europe and European Union at the Crossroads. New Perspectives, Current Threats in (Post)pandemic Times. Школата беше организирана во периодот од 21-24 септември 2021 година. Во текот на декември 2021 година мрежата подготви план за имплементација на активностите во 2022 година, вклучувајќи и барањата за мобилност на наставен кадар и студенти.

## МРЕЖИ

За време на извештајниот период претставник на Факултетот присуствуваше на одржани собранија/состаноци на мрежите - Ротердамска мрежа на правни факултети, ТЕПСА и ЕЛФА.

## ПРОГРАМА НА РЕЗИДУАЛНИОТ МЕХАНИЗАМ ЗА МЕЃУНАРОДНИТЕ ТРИБУНАЛИ ЗА ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА И РУАНДА (МИП)

Во рамките на соработката на Катедрата по меѓународно јавно право со (МИП) Програмата на Механизмот за поранешните Меѓународни трибунали за Поранешна Југославија и Руанда, во периодот од октомври 2020 година до февруари 2021 година се одржа вториот циклус на Интер-Универзитетски предавања.

На 3 март 2021 година се одржа online промоција на новото издание – 'Mechanism's 2020 Essay Volume', настан кој ги промовираше најдобрите есеи на студентите по право кои учествуваа во првиот циклус на Интер-Универзитетски предавања 2019-2020. Меѓу победниците се и двајцата наши студенти:

Миа Георгиевска и Емир Демировиќ кои работеа под менторство на проф. д-р Елена Михајлова Стратилати. Тие го остварија своето стажирање во Механизмот/Трибуналот во Хаг во октомври - ноември 2021 година.

На 28 октомври 2021 година започна третиот циклус на Интер-Универзитетски предавања, кои ќе завршат на крајот на февруари 2022 година. И оваа година, предавањата ги посетуваат и студентите по меѓународно хуманитарно право и меѓународно право во граѓанска војна од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Воедно, во месец февруари 2022 година се очекува и објавувањето на резултатите од натпреварот по есеи за студентите од вториот циклус на предавања 2020-2021, во кој учествуваат и тројца студенти од Правниот факултет.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

### ПРОЕКТИ ВО МРЕЖАТА НА ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – SEELS (SOUTH EAST EUROPEAN LAW SCHOOL NETWORK - SEELS)

Во извештајниот период се имплементирани повеќе проекти во коишто е вклучен Факултетот. Во прилог е извештајот на Мрежата:

*South East European Law Journal [SEE Law Journal]*

Лице за контакт: Тамара Буштреска. Главен и одговорен уредник: Гордана Лажетиќ

Журналот на Мрежата на СЕЕЛС - South East European Law Journal или накусо SEE LJ е научно списание кое мрежата го објавува исклучиво на англиски јазик и како такво претставува единствена публикација од овој вид во регионот. SEE LJ објавува високо квалитетни, оригинални трудови кои поминуваат двојна научна ревизија и професионални трудови кои се фокусираат на релевантни прашања од областа на регионалната, европската и интернационалната интеграција на земјите на Југоисточна Европа, прашања поврзани со правните реформи и апроксимацијата со acquis communitaire, најдобрите практики во правните регорми и унификацијата на легислативата во регионот на Југоисточна Европа.

- South East European Law Journal [SEE Law Journal]

Целта на оваа публикација е да објавува високо квалитетни научни трудови кои ќе придонесат во преносот на знаење и размената на практики кои се поврзани со јавното и приватното право, правото на ЕУ, правното образование и правната професија. SEE LJ како публикација нуди специфична перспектива на широката научна публика, перспектива која доаѓа од земјите на Југоисточна Европа, а се фокусира на регионалните ситеми кои се во процес на постојана еволуција, на локалните традиции и иновации во областа на правото во регионот во контекст на историските, економските и политичко-правни трансформации. Во таа смисла, SEE Law Journal има потенцијал да понуди една динамична и многу вредна платформа која ги спојува правните академици и практичари од регионот во една континуирана дебата. Првото издание на SEE LJ беше објавено во 2014 година, и првите два броја беа објавени и во печатен и во електронски формат. Оттогаш сите изданија на журналот се издаваат во електронска форма, додека добар дел од истите е достапен и во печатена форма. Во своето постоење журналот беше финансиски поддржан од GIZ Open Regional Fund for South East Europe-Legal Reform Macedonia. Имено првите две изданија на журналот во 2014 и 2015 година, како и специјалното издание на журналот од 2021 година беа издадени/испечатени како резултат на оваа соработка. Од 2016 до 2019 година журналот беше публикуван во рамките на проектот„Зајакнување на Европските правни студии во ЈИЕ„ кој беше финансиски поддржан од програмата Erasmus + Jean Monnet на Европската Унија. Во овој период беа издадени 4 броја на журналот кои беа публикувани и во електронска и печатена форма. Останатите броеви на журналот се издадени и се издаваат од страна на мрежата на СЕЕЛС, и тоа во електронска форма. Во моментов журналот е регистриран на Hein Online, а се работи и на регистрирање на публикацијата на останати релеванти бази на податоци.

- Активности во 2021 година

Во 2021 беше издадено специјалното издание на журналот и беа објавени два повици за поднесување на трудови. Специјалното издание на журналот, како што беше спомнато претходно, беше издадено во рамките на проектот - Strengthening cross-border enforcement of judgments, кој се спроведуваше во партнерство со Open Regional Fund for South East Europe - Legal Reform. Почетните активности кои подразбираа ангажирање на тим од мрежата на СЕЕЛС составен од професори кои би имале улога на peer reviewers, како и комисија која ќе ги подготви критериумите за избор на три најдобри текстови беа завршени во 2020 година. Остатокот од активности кои подразбираа избор на лектор, печатница и организација за дисеминација на печатените копии, како и севкупната подготовка на специјалното издание на SEE LJ беа направени во 2021 година.

Добиените текстови беа прегледани и евалуирани од избраната комисија, а како најдобар труд беше избран "The Indirect Jurisdiction of the 2019 Hague Convention on Recognition and Enforcement in

Civil or Commercial Matters – Is the Heart of the Convention in the Right Place? на проф. д-р Илија Руменов од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Второ наградениот труд беше "Private Enforcement of Competition Law – Albanian Challenges in the Reflection of EU Requirements" на проф. д-р Мирела Богдани од Правниот факултет во Тирана во коавторство со Моника Канко (LL.M), а трето наградениот труд е "Salary Enforcement in Western Balkans" труд издаден во коавторство на проф. д-р Тодор Каламатиев од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Александар Трешњев, Претседател на српската комора на правници и Дамир Сите, Генерален секретар на Balkan Enforcement Initiative.

Севкупната работа и координација поврзана со публикувањето на ова издание, вообичаено беше спроведена од Центарот за СЕЕЛС под раководство на проф. д-р Гордана Лажетиќ која е негов главен и одговорен уредник, и во соработка со Уредничкиот одбор на журналот кој е составен од членови кои доаѓаат од сите факултети членки во Мрежата на СЕЕЛС.

Специјалното издание на SEE LJ беше издадено во февруари 2021 година и беше дисеминирано во електронска форма низ целата мрежа на СЕЕЛС. Печатените копии на списанието беа исто така дистрибуирани до канцелариите на ГИЗ во регионот во март 2021 година.

Паралелно со овие активности, во 2021 се работеше и на разгледување на можностите за регистрација на списанието на повеќе релевантни бази на податоци, со цел унапредување на релевантноста на журналот. Од EBSCO не добивме повратен одговор, иако ги контактиравме во повеќе наврати. Беа контактирани и Hein Online, со кои по кус период на преговори, презентација на списанието и подготовка на потребната документација, SEE LJ беше прифатен како валидно научно списание. Во септември 2021 SEE LJ беше регистриран на оваа платформа. Во 2022 ќе продолжиме со активностите за регистрација на журналот на повеќе релевантни бази на податоци.

Првиот повик за трудови беше објавен во јуни, но поради летниот распуст, истиот беше продолжен до средината на август 2021 година и на него беа поднесени 4 труда. Поради комплексноста на темите, дел од ангажираните peer reviewers се откажаа од ангажманот, па беа лоцирани нови. Во моментот на подготовка на овој документ, работиме на финализација на новото издание на журналот кое ќе биде достапно само во електронски формат. Вториот повик за трудови беше објавен во декември 2021 година и е сѐ уште активен.

*SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law*

Во текот на 2021 година во рамките на учеството на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ во Скопје во SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law, во услови на здравствената криза поради пандемијата на вирусот CoVid-19, се реализираа следниве активности: Повик за учество на студенти од сите три циклуси на правните студии на традиционалниот „Европскиот летен курс 2021" организиран од Институтот „Европа" при Универзитетот во Саарбрикен, СР Германија во јуни 2021 година, што се одржа онлајн; Повик за учество на студенти од втор и трет циклус на правните студии на Летната школа на тема „Право и род", организирана од Институтот „Европа" при Универзитетот во Саарбрикен, СР Германија во октомври 2021 година, што се одржа онлајн; Повик за учество на наставници, соработници и студенти од сите три циклуси на правните студии на завршната конференција на SEE|EU Cluster на темата „Current Issues of European Integration and Western Balkans" во декември 2021 година, што се одржа онлајн; Повик за трудови за наставници, соработници и студенти на трет циклус на правните студии (докторанди) за нов број на SEE|EU Cluster of Excellence – Series of Papers во декември 2021 година. Новиот број се очекува да биде публикуван (електронски и во печатена верзија) во април 2022 година; Повик за краток истражувачки престој за наставници и соработници на Институтот „Европа" при Универзитетот во Саарбрикен во декември 2021 година; Повик за стипендии за студенти на трет цилус на правните студии (докторанди) во завршна година на студиите за програмата „Леонард Ојлер" при Германската служба за академска размена (ДААД) за истражувачки престои во траење од максимум 10 месеци на Институтот „Европа" при Универзитетот во Саарбрикен, СР Германија од септември 2021 до август 2022 година; На предлог на Деканот на Факултетот, проф. д-р Сашо Георгиевски од ноември 2021 година претставник на Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ во Надзорниот комитет (Steering Commitee) на SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law е проф. д-р Александар Љ. Спасов, досегашно контакт лице од Правниот факултет „Јустинијан Први", УКИМ за SEE | EU Cluster of Excellence in European and International Law.

*Слобода на изразување и слобода на медиуми во Југоисточна Европа - JUFREX 2 – РЕГИОНАЛНА КОМПОНЕНТА*

Географски опфат на проектот: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Траење на проектот: мај 2019 – мај 2022.

Проектот има за цел да ја промовира слободата на изразување и слободата на медиумите во Југоисточна Европа во согласност со стандардите на Советот на Европа. Се состои од три компоненти

кои таргетираат различни групи на корисници: Правничка професија (судии, обвинители, полициски службеници, адвокати); Регулаторни тела за медиуми; Универзитети, студенти.

Тековниот проект се надоврзува на резултатите постигнати за време на претходниот регионален ЈП JUFREX на ЕУ/CoE - Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа, 2016-2019 година.

Соработка со универзитетите -Целокупно влијание; -Слободата на изразување и слободата на медиумите се промовираат во согласност со стандардите на Советот на Европа, медиумската средина е побезбедна и поплуралистичка; -Привремен исход

Универзитетите придонесуваат во овозможување на средина за слобода на изразување и слобода на медиумите. Студентите на правните факултети и факултетите за студии по новинарство се свесни за стандардите на Советот на Европа за слободата на изразување и медиумите.

*Резултати* - Развиен е онлајн курс HELP за заштита на новинарите (подготвен според Компонента 1 – поддршка на судството, но ќе се користи и во рамките на Компонента 3 – универзитети); Онлајн курсот HELP за слобода на изразување е ремоделиран, модернизиран и ажуриран (подготвен според Компонента 1 – поддршка на судството, но ќе се користи и во рамките на Компонента 3 – универзитети); Испорачан е HELP тренинг за предавачи на универзитетите во Југоисточна Европа и промовирани се онлајн курсеви за слобода на изразување и заштита на новинари.

## МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

### *Промоција на механизми за алтернативно решавање на спорови и медијација во Северна Македонија (Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia – INVESTinADR)*

Во декември 2021 година, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот, започна со заедничка реализација Проектот „Промоција на механизми за алтернативно решавање на спорови и медијација во Северна Македонија (Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia – INVESTinADR) во кој учествуваат Европа Институтот (The Europa-Institut) при Универзитетот во Саарланд (Германија) и Правниот факултет „Јустинијан Први“–Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Основна цел на проектот: Подобрување на позитивната домашна и меѓународна клима за инвестирање во РСМ преку: анализа на постојната македонска правна рамка поврзана со алтернативното решавање на спорови (арбитражата), вклучувајќи ја и медијацијата; проучување на меѓународната правна рамка поврзана со алтернативното решавање на спорови и медијацијата; проценка на досегашното практично искуство во алтернативното решавање на спорови (како важен вонсудски столб за пристап кон правдата) и давање препораки за креирање политики поврзани со алтернативното решавање на спорови и медијацијата со намера: алтернативното решавање на спорови да се промовира и да се приближи до пошироката јавност; да се организираат соодветни курсеви и обуки со што би се овозможила потесна специјализација (интернационализација на образованието и истражувањето поврзано со алтернативното решавање на спорови) од една и би се спречила миграцијата на млади правници од државата, од друга страна; проектот е поддржан од Здружението на млади правници, адвокатски друштва, релевантните комори (медијатори, извршители, нотари, стечајни управници), сите стопански комори во државата, Германското друштво за меѓународна соработка – GIZ, Министерството за образование и наука на РСМ, Владата на РСМ и други.

Проектот е координиран од проф. д-р Марк Бунгенберг (Prof. Dr. Marc Bungenberg) и д-р Мареике Фрулих (Dr. Mareike Fröhlich) од германска страна и проф. д-р Горан Коевски како ко-раководител од македонска страна.

Во проектот од страна на македонскиот партнер - Правен факултет „Јустинијан Први“ се ангажирани: проф. д-р Горан Коевски (трговско право), проф. д-р Сашо Георгиевски (меѓународно јавно право), проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска (право на индустриска сопственост), проф. д-р Татјана Зороска Камиловска (граѓанско процесно право), проф. д-р Ненад Гавриловиќ (конкурентско право), проф. д-р Неда Здравева (отштетно право), проф. д-р Дарко Спасевски (трговско право) и проф. д-р Милка Ракочевиќ (граѓанско процесно право). Сите наставници од кај македонскиот партнер се ангажираат без надомест, но ќе бидат вклучени со својата експертиза во дискусиите, поддршката и надзорот на академската работа на младите истражувачи како во Германија, така и во Република Северна Македонија. Од Република Северна Македонија, во проектот се вклучени и им следи надомест на следните млади истражувачи - студенти на докторски студии на Правниот факултет: м-р Љубен Коцев, м-р Марјана Станинова и м-р Влатко Токарев. Надоместокот и трошоците за вклучувањето на докторанд(к)ите од македонска страна се обезбедени од германскиот партнер. Во проектот ќе бидат вклучени и меѓународни експерти, кои ќе придонесат во реализацијата на Проектот со своето практично

искуство во алтернативното решавање на спорови, првенствено од аспект на заштита на интересите на инвеститорите. Рокот за реализација на проектот е 30 септември 2024 година.

*Modernising European Legal Education (MELE)*

Во периодот од јануари 2021 до јануари 2022 година, проектниот тим од Правниот факултет „Јустинијан Први“ зеде активно учество во различните програмски активности од проектот “Modernising European Legal Education (MELE)”, кој има за цел да ги подобри трансверзалните вештини на академскиот кадар, фокусирајќи се на унапредување и иновирање на наставните методи од областа на правните студии.

Во рамки на Првиот интелектуален аутпут (IO1) од MELE проектот, проектниот тим од Правниот факултет го подготви македонскиот превод на Прашалникот за трансверзални вештини за наставниот кадар. Онлјан прашалникот беше неколку пати споделен со наставниот кадар од Правниот факултет, со цел да се добие задоволителен анкетен примерок за понатамошна анализа и изведување на заклучоци. Поврзано со ова, нашиот проектен тим го сподели Прашалникот за Деканатската управа со надлежните лица од Деканатот и посредуваше при неговото комплетирање.

Како дел од Вториот интелектуален аутпут (IO2) од MELE проектот, се предвидува креирање на Онлајн курс за академски вештини којшто ќе може да се користи во наставата на сите нивоа на правното образование и кој има за цел да ги опреми студентите со потребните вештини за научно истражување и работа во европски и меѓународен контекст. Во рамки на овој интелектуален аупут, колегите од нашиот проектен тим учествуваа во работните групи организирани од страна на Универзитетот во Saarland како проектен координатор, имено, преку подготовка на деловите кои се однесуваат на "Training in Online Didactics" и меѓу другото, изработка на онлајн курсеви за конкретни дидактички теми (“Introduction to different citation styles“ and “Blogging in European and Public International Law“), како и подготовка и снимање на Panopto видеа за овие два курса.

Во текот на изминатата година, проектниот тим од Правниот факултет одржуваше редовни координативни состаноци и редовно учествуваше на состаноците на Раководниот одбор на MELE проектот. Исто така, нашиот проектен тим одржа и серија дополнителни средби и консултации со претставници од Универзитетот во Saarland како проектен координатор, во функција на правилна и ефективна реализација на Првиот и Вториот интелектуален аутпут.

*„The rule of Law and the Political parliamentary (lack of) culture“*

Договорот за соработка, склучен помеѓу деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и директорот на Фондацијата KONRAD-ADENAUER-STIFTUNG (KAS), Rule of Law Programme South East Europe (RLP SEE) од Букурешт, Романија, се однесува на реализација на проект со наслов „THE RULE OF LAW AND THE POLITICAL PARLIAMENTARY (LACK OF) CULTURE“ („Владеење на правото и (недостатокот од) политичка парламентарна култура“). Проектот имаше за цел истражување/анализа на вкупните состојби поврзани со македонската парламентарна демократија, анализа на проблемите со кои се соочува македонската парламентарна политичката култура, како и согледување на најважните недоследности во однос на примената на принципот „тежа и рамнотежа“ во рамките на македонскиот политички систем, а видени низ призмата Собрание-влада.

Како главни истражувачи во проектот беа назначени проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска и проф. д-р Александар Спасеновски од Катедрата по уставно право и политички систем на Факултетот кои подготвија публикација/книга „Кризата на парламентарната демократија и принципот “checks and balances” – (не)научени лекции“.

На 139 страници текст, истражувачите ги проучиле и елаборирале најважните елементи и процеси што ја поттикнуваат и придонесуваат кон кризата на македонската парламентарна демократија, како и искривената примена на принципот „тежа и рамнотежа“ во рамките на политичкиот систем.

Во рамките на публикацијата, освен стандардните теоретски сознанија за уставната и законската положба на македонското Собрание, статусот на пратениците и функциите (надлежностите) на Собранието, авторите ги изнеле и резултатите од направеното истражување на јавното мислење во однос на перцепциите на граѓаните за местото на македонското Собрание во системот на организацијата на државната власт.

Публикацијата содржи вредни заклучоци за тоа како треба да се подобри работата на македонското Собрание, како да се засили контролната функција на Собранието во однос на Владата и другите носители на јавни овластувања, како да се подобри статусот на опозицијата во Собранието, и како научените лекции во однос на подобрувањето на работата на Собранието да се применат со цел засилување на квалитетот на работата на оваа политичка институција и обезбедување подобрена парламентарна демократија во рамките на системот.

***Jean Monnet Network – активно граѓанство: промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан***

Во рамките на проектот ACT.WB – дел од „Жан Моне“ програмата, тимот на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (проф. д-р Ненад Марковиќ, проф. д-р Зоран Илиевски и проф. д-р Иван Дамјановски) ги реализираше следните активности: Комплетен превод на интернет страницата на проектот на македонски јазик. Ова вклучува општи информации за проектот, информации за институциите кои се дел од проектот, истражувачки резултати и продукти како и контакт информации за проектот; Подготовка и реализација на летната школа „Advancing democracy: empowering democratic practices in the Western Balkans“ одржана помеѓу 17 и 22 мај 2021 година (заедно со останатите партнери во проектот). Тимот учествуваше како дел на академскиот одбор на школата во организација на Универзитетот во Сараево и во регрутирање на предавачи и партиципиенти од Република Северна Македонија.
Комплетната програма е достапна на https://fpn.unsa.ba/b/wp-content/uploads/2021/05/Brochure.pdf, а листата на учесници на https://fpn.unsa.ba/b/wp-content/uploads/2021/05/Final_ListofParticipants.pdf..

Проф. д-р Ненад Марковиќ одржа и предавање во рамките на школата подготвено од проектниот тим на тема „The revolution that ate its own children; consensus and discord in social movements.“ Координативни и иницијални подготовки за издавање на Прирачникот за активно граѓанство (во соработка со другите партнери); Подготовки за пишување на текст (во тек) за Специјалното издание врзано за демократски иновации на Западниот Балкан. Во моментов, тимот работи на текст кој ќе ја анализира врската помеѓу општествените движења и демократизацијата во Република Северна Македонија. Прва верзија на текстот е веќе подготвена, а по рецензиите ќе биде издаден во престижното списание „Филозофија и општество“ на Институтот за филозофија и општествена теорија во Белград (списанието е дел од академските бази SCOPUS и Web of Science); Координативни и почетни активности за подготовка на мастер модул кој ќе произлезе од проектот, а кој ќе се однесува на општествени движења, демократизација и активно граѓанство.

## ПОДГОТОВКА НА АПЛИКАЦИИ НА МЕЃУНАРОДНИ ПОВИЦИ

Во извештајниот период Правниот факултет подготви апликации за следните проекти/активности:

- Проектна апликација за заеднички македонско-австриски научно-истражувачки проект - Правото на образование во рамки на процесот за азил: Споредба на политиките во Австрија и Северна Македонија (ЕДУЛУМ)

ЕДУЛУМ е проект кој има за цел да реализира компаративна анализа на политики и истражување во областа на постојните образовни права за лицата во рамки на процесот за азил во Австрија и Северна Македонија. За таа цел, ќе бидат идентификувани структурните и организациските бариери во врска со сите нивоа на образование на бегалците. Билатералната соработка меѓу истражувачите од двете академски институции, Правен факултет-Скопје (Катедра за политички науки) и Универзитет во Виена (Катедра за образование и Катедра за политички науки) ќе обезбеди холистички и интердисциплинарен пристап во поглед на правото на образование на бегалците, имајќи го предвид фактот дека Северна Македонија како дел од Балканската мигрантска рута била и сѐ уште е транзитна дестинација за илјадници мигранти, а Австрија често е крајна дестинација за многумина од нив, со оглед на големиот број на барања за азил. Експертизата на истражувачите во областите на правото, образовната политика, политичките науки ќе овозможи размена на знаење и пракса во врска со правото на образование на бегалците, каде што напредното австриско искуство може да се примени за креирање на политики за две клучни области во кои е неопходна интервенција во законските решенија во Северна Македонија како што се: образование и труд и социјална политика. Очекуваните резултати на проектот се предлог за креирање политика за унапредување на образовните права на бегалците упатена до надлежните македонски власти (Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и пратеници) со цел зголемување на свеста за оваа проблематика; и основање мрежа на членови на академската заедница, невладини организации, практичари и креатори на политики од Австрија и Република Северна Македонија во врска со правата на образование на бегалците. Мрежата има за цел да креира и спроведе и идни иницијативи за унапредување на правата на бегалците и нивна инклузивност. Предвидено е проектот да трае од јануари 2022 до ноември 2023 година. Носител на проектот од РСМ е д-р Христина Рунчева Тасев, а од австриска страна е д-р Сејда Субаси Сингх од Универзитет од Виена.

Проектот доби позитивен одговор.

- Проект “Law and Technology”, аплициран во рамки на програмата CEEPUS – во партнерство со Правните факултети од Осијек, Република Хрватска и Правниот факултет во Печ, Унгарија.

Проектната апликација сѐ уште чека финален одговор.

***Jean Monnet Network – активно граѓанство: промовирање и унапредување на иновативни демократски практики на Западниот Балкан***

Во рамките на проектот ACT.WB – дел од „Жан Моне“ програмата, тимот на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (проф. д-р Ненад Марковиќ, проф. д-р Зоран Илиевски и проф. д-р Иван Дамјановски) ги реализираше следните активности: Комплетен превод на интернет страницата на проектот на македонски јазик. Ова вклучува општи информации за проектот, информации за институциите кои се дел од проектот, истражувачки резултати и продукти како и контакт информации за проектот; Подготовка и реализација на летната школа „Advancing democracy: empowering democratic practices in the Western Balkans“ одржана помеѓу 17 и 22 мај 2021 година (заедно со останатите партнери во проектот). Тимот учествуваше како дел на академскиот одбор на школата во организација на Универзитетот во Сараево и во регрутирање на предавачи и партиципиенти од Република Северна Македонија.

Комплетната програма е достапна на https://fpn.unsa.ba/b/wp-content/uploads/2021/05/Brochure.pdf, а листата на учесници на https://fpn.unsa.ba/b/wp-content/uploads/2021/05/Final_ListofParticipants.pdf..

Проф. д-р Ненад Марковиќ одржа и предавање во рамките на школата подготвено од проектниот тим на тема „The revolution that ate its own children; consensus and discord in social movements.“ Координативни и иницијални подготовки за издавање на Прирачникот за активно граѓанство (во соработка со другите партнери); Подготовки за пишување на текст (во тек) за Специјалното издание врзано за демократски иновации на Западниот Балкан. Во моментов, тимот работи на текст кој ќе ја анализира врската помеѓу општествените движења и демократизацијата во Република Северна Македонија. Прва верзија на текстот е веќе подготвена, а по рецензиите ќе биде издаден во престижното списание „Филозофија и општество“ на Институтот за филозофија и општествена теорија во Белград (списанието е дел од академските бази SCOPUS и Web of Science); Координативни и почетни активности за подготовка на мастер модул кој ќе произлезе од проектот, а кој ќе се однесува на општествени движења, демократизација и активно граѓанство.

ПОДГОТОВКА НА АПЛИКАЦИИ НА МЕЃУНАРОДНИ ПОВИЦИ

Во извештајниот период Правниот факултет подготви апликации за следните проекти/активности:

- Проектна апликација за заеднички македонско-австриски научно-истражувачки проект - Правото на образование во рамки на процесот за азил: Споредба на политиките во Австрија и Северна Македонија (ЕДУЛУМ)

ЕДУЛУМ е проект кој има за цел да реализира компаративна анализа на политики и истражување во областа на постојните образовни права за лицата во рамки на процесот за азил во Австрија и Северна Македонија. За таа цел, ќе бидат идентификувани структурните и организациските бариери во врска со сите нивоа на образование на бегалците. Билатералната соработка меѓу истражувачите од двете академски институции, Правен факултет-Скопје (Катедра за политички науки) и Универзитет во Виена (Катедра за образование и Катедра за политички науки) ќе обезбеди холистички и интердисциплинарен пристап во поглед на правото на образование на бегалците, имајќи го предвид фактот дека Северна Македонија како дел од Балканската мигрантска рута била и сѐ уште е транзитна дестинација за илјадници мигранти, а Австрија често е крајна дестинација за многумина од нив, со оглед на големиот број на барања за азил. Експертизата на истражувачите во областите на правото, образовната политика, политичките науки ќе овозможи размена на знаење и пракса во врска со правото на образование на бегалците, каде што напредното австриско искуство може да се примени за креирање на политики за две клучни области во кои е неопходна интервенција во законските решенија во Северна Македонија како што се: образование и труд и социјална политика. Очекуваните резултати на проектот се предлог за креирање политика за унапредување на образовните права на бегалците упатена до надлежните македонски власти (Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и пратеници) со цел зголемување на свеста за оваа проблематика; и основање мрежа на членови на академската заедница, невладини организации, практичари и креатори на политики од Австрија и Република Северна Македонија во врска со правата на образование на бегалците. Мрежата има за цел да креира и спроведе и идни иницијативи за унапредување на правата на бегалците и нивна инклузивност. Предвидено е проектот да трае од јануари 2022 до ноември 2023 година. Носител на проектот од РСМ е д-р Христина Рунчева Тасев, а од австриска страна е д-р Сејда Субаси Сингх од Универзитет од Виена.

Проектот доби позитивен одговор.

- Проект “Law and Technology”, аплициран во рамки на програмата CEEPUS – во партнерство со Правните факултети од Осијек, Република Хрватска и Правниот факултет во Печ, Унгарија.

Проектната апликација сѐ уште чека финален одговор.

## НАСТАНИ, СВЕЧЕНОСТИ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ

### ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС ВО УЧЕБНАТА 2021/2022

На 1 октомври 2021 година Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, во согласност со моменталната епидемиолошка состојба организираше онлајн прв академски час со кој свечено се отвори новата учебна година. На првиот академски час се обратија Ректорот на Универзитетот - проф. д-р Никола Јанкуловски, деканот на Факултетот, проф. д-р Сашо Георгиевски, а поздравни обраќања имаа Ева Цветковска – Претседателка на Универзитетското студентско собрание и студентка на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Дарко Костадиновски, судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија, поранешен студент на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, м-р Илина Мангова, поранешна студентка на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и Ана Петрушева – поранешна студентка на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

### ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 10 ДЕКЕМВРИ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ

На 10 декември 2021 година се одржа е-Свечена седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по повод 10 Декември - Меѓународниот ден на правата на човекот, посветена на 70 годишнината од основањето на Факултетот. На седницата свои обраќања имаа проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје. На седницата обраќање имаше и Н.Е. Дирк-Јан Коп, Амбасадор на Кралството Холандија во Република Северна Македонија.

Во рамки на програмата за одбележување се одржа промоција на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Гале Галев при што изданието беше промовирано од страна на уредничката проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска. На самиот крај, свој настап имаше најдобриот оратор на XXIV Ораторската вечер „Иво Пухан“.

### XXIV ОРАТОРСКА ВЕЧЕР ,,ИВО ПУХАН”

Правниот факултет “Јустинијан Први” и катедрата по римско право годинава ја продолжија традицијата на Ораторската вечер „Иво Пухан”, која се одржа по дваесет и четврти пат. Учество пријавија 14 говорници. На полуфиналната вечер, која се одржа на 1.12.2021 година беа избрани осуммина финалисти.

Финалето се одржа во живо, на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје на 9.12.2021 година, со почитување на предвидените протоколи. Беа доделени 4 награди и тоа:

Прва награда за студентката на втор циклус студии на Правниот факултет Моника Пеичева на темата насловена „Жена во панталони”, втората награда за студентот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Марио Јанески кој зборуваше “За европЦките стандарди”. Третата награда му припадна на Данило Крстовски, студент на политички студии на Правниот факултет кој настапи со својот говор насловен како “Sic semper tyrannis”, додека наградата за најдобар сценски настап „Бранко Ѓорчев” ѝ беше доделена на Марија Додовска, студентка на правните студии на Правниот факултет и нејзиниот говор “ Во името на законот”.

Македонската телевизија снимаше специјална емисија за Ораторската вечер која потоа беше емитувана на првиот канал на МТВ и објавена на други медиуми (интернет, социјални мрежи и други).

### ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 70 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“-СКОПЈЕ

Со одлука на ННС од 2 април 2021 година за одбележувањето на 70 годишнината од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, беше формиран Организационен одбор во состав: проф.д-р Сашо Георгиевски (декан), проф.д-р Биљана Петревска (продекан), проф.д-р Бобан Мисоски (продекан), проф.д-р Ирена Рајчиновска Пандева (продекан), проф.д-р Билјана Поповска, проф.д-р Тодор Каламатиев, проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, проф.д-р Гордана Лажетиќ, проф.д-р Ана Павловска Данева, проф.д-р Тони Дескоски, проф.д-р Иван Дамјановски и Симеон Јанев (студент).

Во текот на годината беа направен подготовки за чествување и одбележување на денот на Факултетот во живо и во онлјан формат, но со оглед на епидемиолошката состојба беше одлучено централната прослава да се организира во хибриден формат со лимитирано присуство. Исто така, беше одлучено дека централната прослава ќе го означи почетокот на едногодишно одбележување на седумдецениското опстојување на институцијата со низа поголеми и помали настани од различен вид (образовни, научни, стручни).

Во име на Правниот факултет, деканот, проф. д-р Сашо Георгиевски во согласност со претходно воведената традиција на Факултетот за одбележување важни јубилеи на институцијата, за покровител на 70 годишнината го покани Претседателот на Република Северна Македонија – проф. д-р Стево Пендаровски. Во рамки на координацијата со Кабинетот на Претседателот на РСМ беа разговарани можностите за соработка во насока на одбележувањето на јубилејот и беше искажана целосна поддршка, имајќи во предвид дека д-р Пендаровски е и дел од алумни заедницата на Факултетот.

Во рамки на подготовките беше изработена соодветна графичка подготовка на лого за одбележување на јубилејот, беа изготвени и отпечатени банери и постери за Свечениот амфитеатар, со што на скромен начин беше даден придонес во визуелниот идентитет на институцијата во пресрет на 70 годишнината.

Во текот на неколку месеци, а во рамки на планот за одбележување на 70 годишнината од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје, беа направени подготовки за снимање на документарен филм за годишнината на Факултетот во продукција и режија на јавниот сервис – МТВ. Документарниот филм беше подготвен и сниман со поддршка на деканатот, Деканатската управа (воедно е и Организационен одбор на прославата), постојаната работна група на Деканот за настани, колективот на Факултетот, претставници на пензионираните професори на Факултетот и бројни алумни и гости кои сведочеа за нивната поврзаност и/или улогата на Факултетот во нивното образование. Премиерното прикажување беше одржано на 8.11.2021 година на првиот канал на јавниот сервис. Документарниот филм имаше за цел да го прикаже седум децениското постоење на институцијата, да ги прикаже најважните моменти од историјата на институцијата и да остави скромен, но траен паметник за седумте декади од основањето на Факултетот.

Централната прослава за одбележување на Денот на Факултетот беше организирана на 5.11.2021 година со Свечена академија. На академијата обраќања имаа проф. д-р Стево Пендаровски – Претседател на РСМ, поранешен студент на Правниот факултет и покровител на јубилејот, проф. д-р Никола Јанкуловски – Ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Ева Цветковска – Претседателка на Универзитетското Студентско Собрание и студентка на Правниот факултет и проф. д-р Сашо Георгиевски – Декан на Правниот факултет.

Настанот беше организиран во хибридна форма, поради ограничувањата и со целосно почитување на протоколите во време на пандемија, со ограничен број на присутни во Свечениот амфитеатар вклучувајќи ги претставници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Ректорот и проректорите на Универзитетот, раководители и претставници на институтите при Правниот факултет, претставници на студентите, односно членови на Факултетското студентско собрание и медиуми. Настанот беше емитуван преку платформата ZOOM и беше истовремено емитуван преку социјалната мрежа Facebook.

Во рамки на одбележувањето на јубилејот, на 9 ноември 2021 година Претседателот на РСМ, д-р Стево Пендаровски огранизираше свечен прием за членовите на Деканатската управа на Факултетот и Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМЦИ И МАГИСТРИ

Со оглед на ситуацијата во врска со пандемијата, а во насока на заштита на здравјето на студентите, но и вработените на Факултетот, во 2021 година не се одржаа планираните две свечени промоции на магистрирани и дипломирани студенти. Истите се одложуваат до нормализирање на состојбата со CoVid-19. Но, постапката за изработка на дипломи се одвива тековно, оттука, студентите на кои им беа потребни дипломите можеа да си ги подигнат од Службата за студентски прашања.

## ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИ

Заради организирање на промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, а со цел привлекување на идни студенти, во рамки на програмската активност на Секторот за образование на Град Скопје „Училиштата на Градот Скопје со отворени врати за факултетите и универзитетите за промоција на нивните студиски програми", како и во рамките на промотивните активности организирани од страна на Ректоратот на УКИМ во рамките на Отворените денови на УКИМ, во периодот 1.3.2021 до 28.2.2022 година, се овластија следниве редовни, и вонредни професори и доценти да учествуваат во активностите и сите организациони подготовки неопходни за промотивните активности на Факултетот и тоа: проф. д-р Бобан Мисоски, продекан (координатор на сите активности), проф. д-р Биљана Петревска, продекан, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, продекан, проф. д-р Иван Дамјановски, проф. д-р Ненад Марковиќ, проф. д-р Александар Спасов, проф. д-р Драган Гоцевски, проф. д-р Александар Спасеновски, проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф. д-р Вангел Доковски, доц. д-р Илија Руменов, доц. д-р Елена Нешовска Ќосева, доц. д-р Денис Прешова и доц. д-р Марко Кртолица. Активностите за промоција на Факултетот се спроведоа преку платформата ZOOM и

настаните директно се пренесуваа на facebook страницата на Факултетот, како и на facebook страниците на организаторите на настаните. На овие настани свои обраќања имаа деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје - проф. д-р Сашо Георгиевски, како и погоренаведените наставници соодветно. Од друга страна, промоцијата организирана од страна на НВО Ромаверситас беше спроведена со физичко присуство и на која Факултетот го претставија: проф. д-р Вангел Доковски, доц. д-р Елена Нешовска Ќосева и доц. д-р Марко Кртолица.

За промоција на Факултетот проф. д-р Александар Спасеновски изготви и промотивен видео спот кој беше објавен на facebook страницата на Факултетот.

## ИЗДАВАШТВО

### МОНОГРАФИИ, ЗБОРНИЦИ И ГОДИШНИЦИ

Во извештајниот период беа објавени и следниве публикации: Новините во Законот за извршување од 2016 година со измените и дополнувањата од 2018 и 2020 година, книга, автори: проф. д-р Арсен Јаневски, проф. д-р Татјана Зороска Камилоска, проф. д-р Милка Ракочевиќ, издавач е Правниот факултет „Јустинијан први“ во Скопје; Меѓународно приватно право, учебник, автори: проф. д-р Тони Дескоски, проф. д-р Вангел Доковски, издавач е Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје; Применета политика, учебник, автори: проф. д-р Зоран Илиевски, проф. д-р Васко Наумовски, проф. д-р Владимир Божиновски, проф. д-р Христина Рунчева Тасев, проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска, издавач е Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заедно со Конрад Аденауер фондација, Бон СР Германија-Подружница во Република Северна Македонија; Refugees and migration in the context of the Balkan route - North Macedonia’s discourse during 2020 early general election, студија, автори: prof. d-r Saso Georgievski, prof. d-r Irena Rajchinovska Pandeva, prof. d-r Elena Mihajlova Stratilati, Marija Zelenkovska, Marija Delova, Sofija Volchevska, Ivana Ivanova, Lina Damchevska, Dimitrij Nastevski, издавач е Правниот факултет „Јустинијан Први“ преку Центарот за право на бегалци и миграција; Даночно право, учебник, автори: проф. д-р Весна Пендовска, проф. д-р Александра Максимовска Стојкова, проф. д-р Јован Зафироски, проф. д-р Елена Нешовска Ќосева, издавач е Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје; Говорот на омраза и бегалците, студија, автори: проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, проф. д-р Сашо Георгиевски, издавач е Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје - Центар за право на бегалци и миграција;Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Гале Галев, 2021, издавач е Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

### БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на Правниот Факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во извештајниот период извршуваше планирани и тековни задачи согласно со Правилникот за работа на Библиотеката и тоа: Обезбедување комплетни библиотечни услуги за своите корисници – вработени, студенти, постдипломци, докторанди и други надворешни корисници; Обработка на библиотечен материјал (книги, списанија, дневни весници, службени весници и други библиотечни материјали); Вршење на меѓубиблиотечна размена со други библиотеки во Македонија и во странство (размена со зборниците на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје); Во 2021 година набавени се вкупно 23 наслови. Нивната структура е следната: Книги - купени 2, а добиени како размена 21. Библиотеката редовно ги добива и одбранетите магистерски и докторски трудови на Факултетот; Библиотеката е претплатена на весниците: Нова Македонија, Слободен печат, Вечер, Коха и Службен весник на РСМ.

---

### ЕЛЕКТРОНСКОТО СПИСАНИЕ IUSTINIANUS PRIMUS LAW REVIEW

http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/CorrespondingMembers.php

Електронското списание *Iustinianus Primus Law Review* е основано на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2010 година (http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/). Од неговиот почеток до денес, објавува со динамика на два броја годишно, броејќи 26 броја вкупно, задржувајќи ја и традицијата од минатата година за објавување на посебен број, кој излегува како резултат на прифатените трудови презентирани на Годишната меѓународна конференција во организација на Правниот факултет. Во текот на академската 2020/2021 година беа објавени три броја, од кои редовните 23-от и 24-от, како и посебниот број во кој се објавени трудовите од учесниците на Годишната Конференција во организација на Правниот факултет.

Списанието ја задржа веќе воспоставената добра традиција да објавува квалитетни трудови, рецензирани од анонимни рецензенти и има меѓународен уредувачки одбор, како и публика. И во текот на оваа година списанието го задржа својот отворен пристап, а сè со цел да дистрибуира информации, анализи и критичко размислување до пошироката читателска публика, а со задоволство може да се констатира дека според квалитетот на објавените трудови, списанието го задржува своето високо реноме

и квалитет. Во текот на оваа година, продолжува добрата практика списанието да може да биде пребарувано во датотеката на EBSCO библиотеката и во датотеката на HEIONLINE библиотеката. Постапката на евалуација од научно истражувачката платформа на Web of Science сè уште е во тек.

## НОВИ ВРАБОТУВАЊА НА ФАКУЛТЕТОТ

### Согласност за вработување на лице во соработничко звање – асистент на Факултетот и реализација на согласноста за вработување

На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 02.07.2021 година утврдена е потреба за асистент на научната област граѓанско материјално право (Општ дел на граѓанско право и Стварно право), со обврска деканатот да достави барање преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, за добивање на согласност за вработување на асистент на наведената научна област.

На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје е добиена согласност бр. 18-9968/2 од 22.11.2021 година од Министерството за финансии на Република Северна Македонија за вработување на едно лице на работно место – асистент на научната област граѓанско материјално право. Факултетот ја започна постапката за избор на асистент на научната област граѓанско материјално право, со донесување одлука за распишување Конкурс на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 03.12.2021 година и со распишување Конкурс во дневните весници „Вечер" и „Коха" на 07.12.2021 година, но објективно, постапката за избор на асистент не можеше да биде завршена до 31.12.2021 година, поради краткиот рок. Поради тоа, Факултетот поднесе барање за продолжување на согласноста за вработување и на 02.02.2022 година доставен е допис од Министерството за финансии на Република Северна Македонија (бр. 18-627/2 од 27.01.2022 година) за продолжување на согласноста за вработување и за фискалната (2022 година), во делот кој не е реализиран во фискалната (2021) година.

На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 14.02.2022 година врз основа на доставен Извештај од Рецензентската комисија објавен во Билтен на УКИМ бр. 1252 од 01.01.2022 година, м-р Теа Лалевска е избрана во соработничко звање – асистент на научната област граѓанско материјално право. Именуваната заснова редовен работен однос на Факултетот на 16.02.2022 година.

### Согласности за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот и реализација на согласности за вработување

На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 30.10.2020 година од Министерството за финансии на Република Северна Македонија е доставена согласност бр. 18-6187/2 за вработување на 7 лица во Стручната и административна служба и помошно – технички лица на Факултетот и тоа: советник за јавни набавки; советник за човечки ресурси; советник за студентски прашања; виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење; соработник за студентски прашања; благајник/самостоен референт за благајна и хигиеничарка (работни места предвидени со актот за систематизација, а кадешто нема извршители).

По објавени два јавни огласи (на 28.11.2020 година и на 17.12.2020 година) на 30.12.2020 година вработени се 4 лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот и тоа: советник за човечки ресурси, м-р Марко Стефановски; советник за студентски прашања, м-р Илија Манасиев; виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење, Ирена Ристеска; и хигиеничарка, Кристина Трајковска. За другите работни места, не се јавија кандидати, или пак пријавените кандидати не ги исполнуваа општите и посебните услови за работно место согласно јавниот оглас.

М-р Марко Стефановски, советник за човечки ресурси, по негово барање, го прекина работниот однос на Факултетот на 20.07.2021 година, така што Факултетот ќе поднесе барање до надлежните министерства за добивање на согласност за вработување на лице на работно место – советник за човечки ресури, по добивање на согласност од МОН и позитивно мислење од МИОА за Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2023 година. Поднесено е и барање за дополнување на Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2022 година на 21.07.2021 година (за работно место – советник за човечки ресури по прекин на работниот однос на м-р Марко Стефановски, по негово барање), но досега нема одговор од надлежните институции.

По барање на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, согласноста за вработување бр. 18-6187/2, беше продолжена (бр. 18-2538/1 од 07.04.2021 година) и за фискалната (2021) година, во делот кој не е реализиран во 2020 година. Врз основа на продолжената согласност за вработување и за фискалната (2021) година, на 12.06.2021 година и на 30.11.2021 година беа објавени два јавни огласи и беа вработени 2 лица во Стручната и административна служба на Факултетот и тоа: на 16.08.2021 година, соработник за студентски прашања, м-р Мирјана Стојановска и на 27.12.2021 година,

благајник/самостоен референт за благајна, Валентина Тодоровска. За работното место – советник за јавни набавки не се јави ниту еден кандидат.

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 30.12.2021 година поднесе барање за продолжување на согласноста за вработување и за фискалната (2022) година, во делот кој не е реализиран во 2021 година. Од Министерството за финансии на Република Северна Македонија е доставен допис за продолжена согласност и за фискалната (2022) година бр. 18-625/2 од 27.01.2022 година, во делот кој не е реализиран во 2021 година, односно за вработување на едно лице на работно место – советник за јавни набавки. Во 2022 година ќе биде распишан јавен оглас за пополнување и за наведеното работно место со извршител.

Исто така, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 30.12.2021 година поднесе барање за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2022 година (бр. 03-516/1 од 29.04.2021 година). За Годишниот план за вработување е добиена согласност од МОН и позитивно мислење од МИОА и тоа за следниве работни места: раководител на Библиотека – Одделение за библиотечно работење; соработник за магистерски и докторски студии; курир; чувар и хигиеничарки (4 извршители), но по барањето за вработувања од Правниот факултет од 30.12.2021 година, досега не е одговорено од страна на надлежните министерства.

## СТУДЕНТСКИ ИЗБОРИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Со Одлука бр. 03-1266/1 од 09.11.2021 година, Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 09.11.2021 година, распиша избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Одлуката предвидуваше изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје (во понатамошниот текст: ФСС на ПФ) да се одржат на 09.12.2021 година, во период од 08.00 до 19.00 часот, со тајно гласање online, преку лиценцирана платформа за електронско гласање.

Со Одлуката се именуваше Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ во следниот состав: 1. д-р Ненад Марковиќ (редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје); 2. д-р Елена Нешовска Ќосева (доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје); 3. Кристина Георгиевска (студентка на прв циклус студии, запишана во трета година, во петти семестар, на студиската програма – политички студии, со број на индекс 2831п; 4. Јосиф Стојков - студент на прв циклус студии, запишан во трета година, во петти семестар, на студиската програма – политички студии, со број на индекс 2778п) и 5. Кире Јованов (студент на прв циклус студии, запишан во трета година, во петти семестар, на студиската програма – политички студии, со број на индекс 2833п.

На 25.11.2021 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок, на кој едногласно ги усвоија Правилата за Избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје и го задолжија ИКТ советникот на Правниот факултет, да ги објави усвоените Правила на веб страната на Факултетот, како би ги направил достапни за сите студенти.

На усвојувањето на Правилата за избор на претседател и членови на ФСС на ПФ му претходеше склучување на „Договор за техничка поддршка во електронско гласање” помеѓу Факултетот за електротехника и информациски технологии при УКИМ и Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, со кој се обезбеди техничка поддршка при тајното online гласање, се определи електронската open source алатка наменета за спроведување на изборите и се назначи стручно лице од Факултетот за електротехника и информациски технологии со задача да ѝ помогне на Изборната Комисија во реализација на изборите.

На 26.11.2021 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок, на кој ги утврдија Избирачкиот список и изводите од Избирачкиот список на студенти со право на глас за претседател и членови на ФСС на ПФ. Избирачкиот список и изводите од Избирачкиот список беа објавени на веб страната на Правниот факултет, а студентите можеа да извршат увид и да побараат исправки или дополнувања на избирачкиот список заклучно со 03.12.2021 година.

На 30.11.2021 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок, на кој едногласно донесоа Одлука за констатирање на кандидатите за избор за претседател и членови на ФСС на ПФ. Комисијата утврди дека поднесената 1 (една) кандидатура за претседател ги исполнува условите за кандидирање, додека од поднесените 23 (дваесет и три) кандидатури за членови, 13 (тринаесет) ги исполнуваат условите предвидени во Правилата и останатите релевантни акти за избор на претседател и членови на ФСС на ПФ. Согласно Правилата за Избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатите чии кандидатури беа отфрлени како нецелосни, имаа право на приговор во рок од 24 часа од објавувањето на Одлуката.

На 02.12.2021 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок, на кој ги разгледаа приговорите на студентите чии кандидатури беа отфрлени како нецелосни. Поднесен беше 1 (еден) приговор од страна на студентот Данило Крстовски (студент на прв циклус студии, запишан во трета година на студиската програма – политички студии). Членовите на Изборната комисија, со едногласна одлука го одби приговорот на студентот Данило Крстовски како неоснован, со што, прелиминарната листа на кандидатите за избор за претседател и членови на ФСС на ПФ, стана конечна.

Како конечни, се утврдија кандидатурите на следните кандидати:

I. За претседал на ФСС на ПФ: 1. Дамјан Величковски 48204.

II. За членови на ФСС на ПФ: 1. Дора Смилевска, 48823, правни студии, прва година, прв циклус; 2. Филип Јовановски, 48810, правни студии, прва година, прв циклус; 3. Јован Василевски,48889, правни студии, прва година, прв циклус; 4. Софија Јовановиќ, 48849, правни студии, прва година, прв циклус; 5. Марија Митрушевска, 48803, правни студии, прва година, прв циклус; 6. Ана Марија Наумовска, 48905, правни студии, прва година, прв циклус; 7. Султана Казовска, 48863, правни студии, прва година, прв циклус; 8. Бојан Стојановски, 48442, правни студии, трета година, прв циклус; 9. Памела Павловска, 48212, правни студии, трета година, прв циклус; 10. Мартин Ивановски, 48498, правни студии, трета година, прв циклус; 11. Стефан Алексов, 48470, правни студии, трета година, прв циклус; 12. Фидела Шкријељ, 48488, правни студии, трета година, прв циклус; 13. Симона Сотировска, 48357, правни студии, трета година, прв циклус.

Членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ едногласно усвоија Упатство за начинот на спроведување на електронските избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Истиот ден Упатството беше објавено на веб страната на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во Упатството, детално беа објаснети и илустрирани сите технички специфики поврзани со начинот на електронско гласање, а како прилог кон Упатството беше прикачена и Листа на често поставувани прашања. Упатството предвиде дека гласањето за претседател и членови на ФСС на ПФ, ќе се остварува преку официјалните студентски мејлови (со екстензија @students.pf.ukim.mk) на студентите со право на глас.

Електронското гласање за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, се одржа на предвидениот датум (09.12.2021 година).

Процесот на гласање, беше набљудуван од страна на претставник на Младинскиот образовен форум (МОФ), кој имаше непречен увид врз податоците за излезноста на гласањето.

По завршувањето на гласањето, членовите на Изборната Комисија во присуство на набљудувач од Младинскиот образовен форум (МОФ), стручно лице од Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје овластено за давање техничка поддршка за спроведување на електронските избори и советникот за ИКТ при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, пристапија кон утврдување на резултатите од гласањето. Во функција на поголема транспарентност во утврдувањето на резултатите од електронското гласање, покана за учество на седницата беше испратена и до сите кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

По утврдувањето на резултатите од гласањето, членовите на Изборната Комисија за спроведување на изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, одржаа состанок, на кој едногласно усвоија Одлука за утврдување на првични резултати од електронските избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, која веднаш потоа беше објавена и на веб страната на Правниот факултет.

Во продолжение, резултати од спроведените избори:

I. Резултати од електронските избори за претседател на ФСС на ПФ: 1. Дамјан Величковски со број на индекс 48204, со освоени вкупно 41 глас. Изборната Комисија го констатираше изборот на Дамјан Величковски за претседател на Факултетското студентско собрание.

II. Резултати од електронските избори за членови на ФСС на ПФ:

*II.1. За членови на ФСС на ПФ за прв циклус, прва година, правни студии, избрани се следниве кандидати:* Дора Смилевска, 48823, со освоени вкупно 8 гласови; Филип Јовановски, 48810, со освоени вкупно 9 гласови; Јован Василевски,48889, со освоени вкупно 9 гласови; Софија Јовановиќ, 48849, со освоени вкупно 9 гласови; Марија Митрушевска, 48803, со освоени вкупно 6 гласови; Ана Марија Наумовска, 48905, со освоени вкупно 8 гласови; Султана Казовска, 48863, со освоени вкупно 6 гласови.

II.2. *За членови на ФСС на ПФ за прв циклус, трета година, правни студии, избрани се следниве кандидати:*Бојан Стојановски, 48442, со освоени вкупно 22 гласови; Памела Павловска, 48212, со освоени вкупно 36 гласови; Мартин Ивановски, 48498, со освоени вкупно 28 гласови; Стефан Алексов,

48470, со оцвоени вкупно 20 гласови; Фидела Шкријељ, 48488, со освоени вкупно 26 гласови; Симона Сотировска, 48357, со оцвоени вкупно 20 гласови.

На 14.12.2021 година, членовите на Изборната комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на ФСС на ПФ, одржаа состанок, на кој едногласно ја усвоија Одлуката за утврдување на конечни резултати од електронските избори за претседател и членови на ФСС на ПФ.

Изборната Комисија констатира дека кон првичните резултати од електронските избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание објавени на 10.12.2021 година, не беше поднесен ниту еден приговор, со што, резултатите од електронските избори за претседател и членови на ФСС на ПФ станаа конечни.

## НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ

Во периодот од 01.03.2021 година до 28.02.2022 година одржани се 11 редовни седници (од 1-ва редовна седница одржана на 02.04.2021 година до 11-та редовна седница одржана на 25.02.2022 година), 3 вонредни седници одржани на 10.03.2021 година, на 29.11.2021 година и на 14.02.2022 година и Свечена седница на ННС одржана на 10.12.2021 година. На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 196 точки /621 потточки/.

Во извештајниов период членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот тековно беа информирани за финансиската состојба на Факултетот, се водеше расправа и се одлучуваше и за финансиската проекција на Факултетот.

Членови на Наставно-научниот совет - претставници на студентите избрани од страна на Факултетското студентско собрание, на првата седница на ННС одржана на 02.04.2021 година се: Катерина Иванова, Ејуп Ќазими, Милена Јаневска, Димитар Тромбевски, Кристијан Зумровски, Борјан Ефтимов, Ева Цветковска и Зорана Антовска.

Факултетското студентско собрание со одлуки бр. 23-1448/2 од 16.12.2021 година и бр. 23-1449/1 од 17.12.2021 година, со тајно гласање ги избра студентите Стефан Алексов, Мартин Ивановски и Симона Сотировска за претставници од студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот, наместо досегашните претставници Димитар Тромбевски, Борјан Ефтимов и Зорана Антовска. Со одлука на Факултетското студентско собрание бр. 23-80/3 од 20.01.2022 година, а по спроведен избор со тајно гласање, за претставници од студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот, наместо досегашните претставници Катерина Иванова, Ејуп Ќазими, Милена Јаневска, Ева Цветковска и Кристијан Зумровски се избрани студентите Софија Јовановиќ, Ана Марија Наумовска, Бојан Стојановски, Марија Митрушевска и Султана Казовска.

Во моментот на изработка на Извештајот, членови на Наставно-научниот совет од редот на студентите се: Стефан Алексов, Мартин Ивановски, Симона Сотировска, Софија Јовановиќ, Ана Марија Наумовска, Бојан Стојановски, Марија Митрушевска и Султана Казовска.

## ДЕКАНАТСКА УПРАВА

Во текот на извештајниот период од 01.03.2021 година до 28.02.2022 година одржани се 11 редовни седници на Деканатската управа (од 1-ва седница одржана на 30.03.2021 година до 11-та седница одржана на 24.02.2022 година) и 5 вонредни седници одржани на 14.04.2021 година, на 20.10.2021 година, на 18.11.2021 година, на 09.12.2021 година и на 14.02.2022 година. На дневен ред беа поставени 87 точки /5 потточки/.

Почнувајќи од седницата на Деканатската управа одржана на 01.09.2021 година, а до седницата на Деканатската управа одржана на 22.12.2021 година, член на Деканатската управа е и в.д. претседателот на Факултетското студентско собрание, Зорана Антовска, согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (известување бр. 23-931/1 од 31.08.2021 година). Претходно, почнувајќи од седницата на Деканатската управа одржана на 28.01.2021 година, член на Деканатската управа беше тогашниот претседател на Факултетското студентско собрание, Симеон Јанев, согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (известување бр. 23-1276/1 од 21.12.2020 година).

Во моментот на изработка на Извештајот, член на Деканатската управа е новиот претседател на Факултетското студентско собрание, Дамјан Величковски, почнувајќи од седницата на Деканатската управа одржана на 22.12.2021 година, согласно член 31, став 1, алинеја 5 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (известување бр. 23-1448/1 од 16.12.2021 година).

## СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021), Комисијата за јавни набавки на

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав: проф. д-р Димитар Гелев - претседател, проф. д-р Милка Ракочевиќ и проф. д-р Драган Гоцевски – членови, во текот на 2021 година за потребите на Факултетот спроведе 19 постапки: 12 набавки од мала вредност, 6 набавки со поедноставена отворена постапка и 1 набавка на посебни услуги.

## ПАТНИ ТРОШОЦИ ЗА НАУЧНО И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

За вработените на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје исплатени се надоместоци согласно донесени одлуки на седниците на Деканатската управа за реализирани *службени патувања* (учество на меѓународни конференции, семинари, состаноци и сл.), како и за спроведување на меѓународна соработка и проекти на: проф. д-р Јулија Брсакоска Базерковска, проф.д-р Елена Михајлова Стратилати, проф. д-р Александар Спасов, проф.д-р Христина Рунчева Тасев, проф.д-р Неда Здравева, проф.д-р Милка Ракочевиќ, доц.д-р Илија Руменов и доц.д-р Љупчо Стојковски.

## ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РСМ“ бр. 101/2019) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во периодот од 01.03.2021 година до 28.02.2022 година примени се 4 (четири) барања и на сите позитивно е одговорено.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во периодот од 1 март 2021 година до 28 февруари 2022 година, опфатен со овој Извештај, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ беа преземени низа мерки и активности со кои, особено, се овозможи: **а)** финансиска стабилност на Факултетот (со редовност во плаќањата), **б)** донесување на некои клучни акти (Одлуката за плати и новите Правила за студирање), **в)** натамошно одвивање на наставата и другите наставни активности во сложени услови на тековна пандемија со вирусот CoVid-19 и унапреден процес на администрирање на студиите во некои заостанати сегменти, **г)** достојно одбележување на 70-годишниот јубилеј на Факултетот, **д)** солидна конференциска, проектна и друга меѓународна активност, **ѓ)** заокружување на започнатите работи и доунапредување на факултетската инфраструктура.

Со оглед на тековните и претстојни задачи, во наредниот период, факултетските активности ќе бидат, особено, насочени кон:

а) натамошно одржување на финансиската стабилност (и редовност во плаќањата) во услови на непредвидливо движење на сопствените приходи и објективно растечки расходи, преку внимателно располагање со средствата во текот на годината и пренесување на потребно салдо во наредната година;

б) реакредитација на студиските програми на двата циклуси кај сите видови студии опфатени на Факултетот (со оглед на истекот на постојните акредитации наредната година);

в) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку службите на Факултетот;

г) утврдување на динамика на вработување на наставен кадар на Факултетот;

д) натамошно збогатување на меѓународната и научната соработка на Факултетот, вклучително преку стимулирање на поинтензивна меѓународна конференциска, проектна и друга активност;

ѓ) формирање на Центар за кариера на Факултетот, во соработка со студентите претставени преку Факултетското студентско собрание; и

е) реконструкција на дел од кровната покривка на Факултетот (во обем зависен од екстерно доделените средства).

Д Е К А Н,

Проф.д-р Сашо Георгиевски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" Република Северна Македонија • СКОПЈЕ •